СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 109 Год. LXI Среда, 14 декември 2005 Цена на овој број е 300 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1490.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, во државна сопственост	2
1491.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите	3
1492.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки	3
1493.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот	5
1494.	**Закон** за дополнување на Законот за Централен регистар	9
1495.	**Закон** за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници и Меѓународната банка за обнова и развој	9
1496.	**Уредба** за спроведување на евакуацијата на населението	11
1497.	**Уредба** за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население	14
1498.	**Уредба** за спроведување на заштита од неексплодирани убојни средства.	16
1499.	**Одлука** за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за специјалните мисии	17
1500.	**Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижна ствар на име на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите	17
1501.	**Одлука** за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Маркови Кули за споменик на природата	18
1502.	**Одлука** за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Смоларски Водопад за споменик на природата	18
1503.	**Одлука** за давање согласност на договор за давање на времено користење на воздухоплови ZLIN	18
1504.	**Одлука** за давање на времено користење на недвижна ствар без надомест	18
1505.	**Одлука** за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари	18
1506.	**Одлука** за изменување на Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош	19
1507.	**Програма** за изменување на Програмата за развој на спорт и млади за 2005 година	19
1508.	**Програма** за изменување на Програмата за користење на средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи, стоки и услуги	19
1509.	**Правилник** за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници	20
1510.	**Решение** за формирање на Совет за унапредување и надзор на ревизијата.	24
1511.	**Правилник** за сообраќајно-техничките параметри кои треба да ги исполнуваат посебните технички и други мерки за забавување на сообраќајот	24

		Стр.
	Исправка на Правилникот за категоризација на автобуските станици, нивната опременост и висината на надоместокот за нивно користење....	**25**
1512.	**Правилник** за формата и содржината на еколошката ознака, начинот, условите и постапката за нејзино доделување и користење, како и составот и начинот на формирање и работа на Комисијата за еколошка ознака.....	**25**
1513.	**Правилник** за постапката, начинот и условите за доделување на наградите и признанијата за достигнувања во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, како и начинот на работа и составот на Комисијата за награди и признанија.....	**27**
	Исправка на Правилникот за програмата и начинот за полагање стручен испит за управител со отпад, образец на уверение, како и висина и начин на плаќање на надоместокот за полагање на стручен испит за управител со отпад.....	**29**
1514.	**Список** на готови лекови за употреба во ветеринарната медицина за кои е дадено одобрение за ставање во промет во период од 01.05.2005 до 30.11.2005.....	**29**
	Огласен дел.....	**1-64**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1490.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕОБРАЗБА НА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕНОС И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4576/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕОБРАЗБА НА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕНОС И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 19/2004), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

"Член 5-а

Правата на сопственост на недвижностите и тоа објекти и земјишта кои пред преобразбата биле во владение на АД Електростопанство на Македонија, а во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите биле евидентирани и запишани на име на Република Македонија независно од фактот на евидентираниот корисник на земјиштето и објектите, а кои со преобразбата и планот за поделба припаднале на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите ќе се евидентираат и запишат на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО, врз основа на планот за поделба на истите.

Правата на сопственост на објектите кои пред преобразбата биле во владение на Електростопанство на Македонија, а во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите не биле евидентирани и запишани на име на Република Македонија, а кои се изградени на земјиште во сопственост на Република Македонија независно од фактот на евидентираниот корисник на земјиштето, а кои со преобразбата и планот за поделба припаднале на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите ќе се евидентираат и запишат на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО врз основа на планот за поделба на истите.

Објектите и земјиштата утврдени во планот за поделба, Државниот завод за геодетски работи по службена должност ќе ги евидентира во катастарот на земјиштето и ќе ги запише со право на сопственост во катастарот на недвижностите на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО."

Член 2

Во членот 7 ставови 1 и 3 и членот 8 по зборовите: "друштвата основани од него" се додаваат зборовите: "и/или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TRANSFORMIMIN E ELEKTROEKONOMISË SË MAQEDONISË SHOQËRI AKSIONARE PËR PRODHIMIN, BARTJEN DHE DISTRIBUIMIN E ENERGJISË ELEKTRIKE NË PRONËSI SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për transformimin e Elektroekonomisë së Maqedonisë Shoqëri Aksionare për prodhimin, bartjen dhe distribuimin e energjisë elektrike në pronësi shtetërore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 19/2004), pas nenit 5 shtohet neni i ri 5-a, si vijon:

"Neni 5-a

Të drejtat e pronësisë së patundshmërive si të objekteve dhe trojeve, të cilat para transformimit kanë qenë në zotërim të SHA Elektroekonomia e Maqedonisë, ndërsa në kadastrën e truallit dhe kadastrën e patundshmërive kanë qenë të evidentuara dhe të regjistruara në emër të Republikës së Maqedonisë pavarësisht faktit të shfrytëzuesit të evidentuar të truallit dhe objekteve, e të cilat me transformimin dhe planin për ndarje i kanë takuar SHA EEM-së, ose shoqërive të themeluara prej saj ose shoqërive të krijuara me ristrukturimin e SHA EEM-së ose trashëguesve juridikë të saj dhe SHA EBMSO, në kadastrën e truallit dhe kadastrën e patundshmërive, do të evidentohen dhe regjistrohen në SHA EEM ose shoqëritë e themeluara prej saj ose në shoqëritë e krijuara me ristrukturimin e SHA EEM ose te trashëguesit e saj juridikë dhe SHA EBMSO, në bazë të planit për ndarjen e të njëjtave.

Të drejtat e pronësisë së objekteve, të cilat para transformimit kanë qenë në zotërim të Elektroekonomisë së Maqedonisë, ndërsa në kadastrën e truallit dhe kadastrën e patundshmërive nuk kanë qenë të evidentuara dhe të regjistruara në emër të Republikës së Maqedonisë, e të cilat janë ndërtuar në truallin në pronësi të Republikës së Maqedonisë, pavarësisht faktit të shfrytëzuesit të evidentuar të truallit, e të cilat me transformimin dhe planin për ndarje i kanë takuar SHA EEM ose shoqërive të themeluara prej saj ose shoqërive të krijuara me ristrukturimin e SHA EEM ose trashëguesve të saj juridikë dhe SHA EBMSO, në kadastrën e truallit dhe kadastrën e patundshmërive, do të evidentohen dhe regjistrohen në SHA EEM ose shoqëritë e themeluara prej saj ose në shoqëritë e krijuara me ristrukturimin e SHA EEM ose te trashëguesit e saj juridikë dhe SHA EBMSO në bazë të planit për ndarjen e të njëjtave.

Objektet dhe trojet e përcaktuara në planin për ndarje, Enti shtetëror për punë gjeodezike me detyrë zyrtare do t'i evidentojë në kadastrën e truallit dhe do t'i regjistrojë me të drejtën e pronësisë në kadastrën e patundshmërive të SHA EEM ose shoqërive të themeluara prej saj ose të shoqërive të krijuara me ristrukturimin e SHA EEM ose të trashëguesve të saj juridikë dhe SHA EBMSO."

Neni 2

Në nenin 7 paragrafi 1 dhe 3 dhe në nenin 8 pas fjalëve "shoqërive të themeluara prej saj", shtohen fjalët "dhe/ose shoqërive të krijuara me ristrukturimin e SHA EEM ose trashëguesve të saj juridikë".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1491.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМЕР, КАТАСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4577/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМЕР, КАТАСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" број 27/86, 17/91 и 84/2005), членот 81-г се брише.

Член 2

Во членот 81-д по бројот "81-б" запирката се брише и се додава сврзникот "и", а зборовите: "и 81-г" се бришат.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NXJERRJEN ME PROCEDURË TË PËRSHPEJTUAR TË LIGJIT PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MATJE, KADASTËR DHE REGJISTRIM TË TË DREJTAVE TË PATUNDSHMËRIVE

Neni 1

Në Ligjin për matje, kadastër dhe regjistrim të të drejtave të patundshmërive "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", nr. 27/86, 17/86, 17/91 dhe 84/2005, neni 81-g fshihet.

Neni 2

Në nenin 81-d pas numrit 81-b presja fshihet dhe shtohet lidhëza "dhe", ndërsa fjalët "dhe 81-g" fshihen.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1492.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4586/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" број 19/2004), во членот 2 по точката 29 се додаваат две нови точки 30 и 31, кои гласат:

„30. "Јавна набавка во електронска форма" е набавка која се спроведува преку електронски систем за јавни набавки;

31. "Електронски систем за јавни набавки" е компјутеризиран систем во општа употреба достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки;".

Член 2

Во членот 11 став 3 по зборот „годината" се додаваат зборовите: „во електронска форма".

Член 3

По членот 12 се додава нов наслов и член 12-а, кои гласат:

„Форма на јавни набавки

Член 12-а

Јавната набавка може да се спроведува во писмена или електронска форма."

Член 4

Во членот 30 став 3 зборовите: „може да" се бришат.

Член 5

Во членот 40 став 1 алинеја 3 зборовите: „надлежниот суд" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Член 6

Во членот 66 ставот 5 се менува и гласи:

„Претходната согласност Бирото ја издава врз основа на доставената документација кон барањето и ја утврдува формалната исполнетост на условите за спроведување на истата."

Член 7

Во членот 67 став 2 зборовите: „доделени за дополнителни работи" се бришат.

Член 8

По Делот VI се додава нов Дел VI-а и пет нови члена 80-а, 80-б, 80-в, 80-г и 80-д, кои гласат:

„VI-а. Јавна набавка во електронска форма

Член 80-а

Јавната набавка во електронска форма се спроведува во постапката на отворен и ограничен повик согласно со одредбите на овој закон и Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Член 80-б

Со електронскиот систем за јавни набавки мора да се обезбедат:

а) комуникацијата и размената, како и складирањето на информациите да се спроведува на начин со кој ќе се обезбеди интегритетот на податоците и доверливоста на понудите и барањата за учество да бидат зачувани, а набавувачите да ја прегледуваат содржината на понудите и барањата за учество само откако ќе истече временскиот рок утврден за нивно поднесување и

б) информациите кои се однесуваат на спецификации неопходни за електронско поднесување на понуди и барање за учество, вклучително и шифри, да бидат достапни на понудувачите и кандидатите.

Видот и начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки го пропишува министерот за финансии.

Член 80-в

Електронските уреди кои се користат за комуницирање преку електронскиот систем за јавни набавки, како и нивните технички карактеристики, мораат да се недискриминаторски, општо достапни и оперативни со производите на информатичката и комуникациска технологија кои се во општа употреба и да не го ограничуваат пристапот на понудувачите и кандидатите во постапката за јавни набавки.

Член 80-г

Спроведувањето на јавната набавка во електронска форма задолжително се наведува во одлуката и повикот за јавна набавка.

Кога јавната набавка се спроведува во електронска форма, увидот во тендерската документација, измените и дополнувањата на тендерската документација и одговорите на дополнителните прашања на понудувачите и кандидатите (членови 37, 38 и 39), документите за финансиска, економска и техничка способност (членови 40 и 41), дополнувањата и појаснувањата на понудувачите и кандидатите во врска со поднесените документи и невообичаено ниската цена на понудата (членови 45 и 52), барањето за учество (член 60), поканата за поднесување на понуда (член 63) и поднесувањето на понудата (членови 78, 79 и 80), како и другата комуникација и размена на информации меѓу набавувачот и понудувачот, односно кандидатот се врши преку електронскиот систем за јавни набавки.

Доколку документите и другите писмена од ставот 2 на овој член не постојат, односно не можат да се обезбедат во електронска форма, понудувачите и кандидатите истите можат да ги достават во писмена форма во роковите пропишани со овој закон.

Член 80-д

За секоја јавна набавка во електронска форма набавувачот е должен да го извести Бирото најмалку 15 дена пред испраќањето на повикот за објавување."

Член 9

Во членот 81 став 2 зборот „набавката" се заменува со зборот „понудата".

Член 10

Во членот 107 став 1 по алинејата 11 се додава нова алинеја 12, која гласи:

„- не го извести Бирото за јавната набавка во електронска форма согласно со членот 80-д на овој закон,".

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I G J

PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR FURNIZIME PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për furnizime publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 19/2004), në nenin 2, pas pikës 29 shtohen dy pika të reja 30 dhe 31, si vijojnë:

„30. "Furnizimi publik në formë elektronike" është furnizim i cili zbatohet përmes sistemit elektronik për furnizime publike".

„31. "Sistemi elektronik për furnizime publike" është sistem i kompjuterizuar në përdorim të përgjithshëm i arritshëm në internet, i cili shfrytëzohet me qëllim që të mundësohet efikasitet më i madh dhe të jetë më ekonomik në sferën e furnizimeve publike".

Neni 2

Në nenin 11 paragrafi 3, pas fjalës "viti" shtohen fjalët: "në formë elektronike".

Neni 3

Pas nenit 12 shtohet titull i ri dhe neni 12 -a, si vijojnë:

"Forma e furnizimeve publike

Neni 12-a

Furnizimi publik mund të zbatohet në formë me shkrim ose në formë elektronike".

Neni 4

Në nenin 30 paragrafin 3, fjalët: "mund të" shlyhen.

Neni 5

Në nenin 40 paragrafin 1 alineja 3, fjalët: "gjykata kompetente" zëvendësohen me fjalët: "Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 6

Në nenin 66, paragrafi 5 ndryshon si vijon:

"Pajtueshmërinë paraprake, Byroja e jep në bazë të dokumentacionit të dorëzuar të bashkangjitur në kërkesë dhe e përcakton plotësimin formal të kushteve për zbatimin e së njëjtës".

Neni 7

Në nenin 67 paragrafin 2, fjalët: "të ndara për punë plotësuese" shlyhen.

Neni 8

Pas Pjesës VI shtohet Pjesë e re VI-a dhe pesë nene të reja 80-a, 80-b, 80-v, 80-g dhe 80-d, si vijojnë:

"VI-a. Furnizim publik në formë elektronike

Neni 80-a

Furnizimi publik në formë elektronike zbatohet me thirrje të hapur dhe të kufizuar në pajtim me dispozitat e këtij ligji dhe Ligjit për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik.

Neni 80-b

Me sistemin elektronik për furnizimet publike doemos duhet të sigurohet:

a) komunikimi dhe këmbimi, si dhe arkivimi i informatave të zbatohet në mënyrë me të cilën do të sigurohet integriteti i të dhënave dhe të ruhet besueshmëria e ofertave dhe kërkesave për pjesëmarrje, ndërsa furnizuesit ta shqyrtojnë përmbajtjen e ofertave dhe kërkesave për pjesëmarrjen vetëm pasi të skadojë afati kohor i përcaktuar për parashtrimin e tyre dhe

b) informatat që i dedikohen specifikimeve të domosdoshme për parashtrim elektronik të ofertave dhe kërkesave për pjesëmarrje, duke përfshirë edhe shifra, të jenë të arritshme për ofertuesit dhe kandidatët.

Llojin dhe mënyrën e shfrytëzimit të sistemit elektronik për furnizime publike e përcakton ministri i Financave.

Neni 80-v

Pajisjet elektronike të cilat shfrytëzohen për komunikim përmes sistemit elektronik për furnizime publike, si dhe karakteristikat e tyre teknike, doemos duhet të jenë jodiskriminuese, të arritshme në mënyrë të përgjithshme dhe operative me prodhimet e teknologjisë informatike dhe komunikuese të cilat janë në përdorim të përgjithshëm dhe të mos e kufizojnë qasjen e ofertuesve dhe kandidatëve në procedurën për furnizime publike.

Neni 80-g

Zbatimi i furnizimit publik në formë elektronike doemos duhet të theksohet në vendimin dhe thirrjen për furnizime publike.

Kur furnizimi publik zbatohet në formë elektronike, shqyrtimi në dokumentacionin e tenderit, ndryshimet dhe plotësimet e dokumentacionit të tenderit dhe përgjigjet e çështjeve plotësuese të ofertuesve dhe kandidatëve (nenet 37, 38 dhe 39), dokumentet për aftësinë financiare, ekonomike dhe teknike (nenet 40 dhe 41), plotësimet dhe sqarimet e ofertuesve dhe kandidatëve në lidhje me dokumentet e parashtruara dhe çmimi i ulët i jashtëzakonshëm i ofertës (nenet 45 dhe 52), kërkesa për pjesëmarrje (neni 60), ftesa për parashtrimin e ofertës (neni 63) dhe parashtrimi i ofertës (nenet 78, 79 dhe 80), si dhe komunikimi tjetër i këmbimit të informatave mes furnizuesit dhe ofertuesit, gjegjësisht kandidatit bëhet përmes sistemit elektronik për furnizime publike.

Nëse dokumentet dhe letrat tjera nga paragrafi 2 i këtij neni nuk ekzistojnë, gjegjësisht nuk mund të sigurohen në formë elektronike, ofertuesit dhe kandidatët të njëjtat mund t'i dorëzojnë në formë me shkrim në afatet e caktuara me këtë ligj.

Neni 80-d

Për çdo furnizim publik në formë elektronike furnizuesi është i obliguar që ta lajmërojë Byronë së paku 15 ditë para dërgimit të thirrjes për shpallje".

Neni 9

Në nenin 81 në paragrafin 2, fjala: "furnizimi" zëvendësohet me fjalën "oferta":

Neni 10

Në nenin 107 në paragrafin 1, pas alinesë 11 shtohet aline e re 12, si vijon:

"- nuk e njofton Byronë për furnizim publik në formë elektronike në pajtim me nenin 80-d të këtij ligji".

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1493.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4593/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Член 1

Во Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот ("Службен весник на Република Македонија" број 24/98 и 6/2000), членот 2 се менува и гласи:

"Основна задача на Банката е поддршка на развојот преку финансирање на инвестиции на мали и средни претпријатија, поддршка на извозот и спроведување на заеми и донации од странство.

За поддршка на развојот преку гарантирање на одобрени кредити за инвестиции од страна на банки и други финансиски институции, во Банката се организира Гарантен фонд како посебна организациона единица."

Член 2

Во членот 3 зборовите: "Законот за банки и штедилници" се заменуваат со зборовите: "Законот за банките".

Член 3

Во членот 4 став 3 зборовите: "30 милиони германски марки" се заменуваат со зборовите: "15 милион евра".

Ставот 5 се брише.

Член 4

Во Главата 3 Предмет на работење пред членот 6 се додава поднаслов 3.1., кој гласи:

"3.1. Активности на Банката".

Член 5

Членот 6 се менуваат и гласи:

"Банката може да ги врши следниве финансиски активности:

1) кредитирање на отпочнување со работа и развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија со среднорочни и долгорочни кредити;

2) кредитирање (финансирање) на инвестициони работи во странство, извоз и подготовка за извоз на трговски друштва од Република Македонија;

3) рефинансирање до 50 % од среднорочни и долгорочни кредити за извоз и за инвестициони работи во странство одобрени од домашни банки и други финансиски институции, претходно осигурани во Банката од некомерцијален ризик;

4) издавање инструменти за обезбедување на плаќања (гаранции, авали, договорен залог и други форми на обезбедување) по кредити одобрени од банки и други финансиски институции за проектите од точките 1 и 2 на овој став;

5) привремено здружување со други банки за давање на гаранции за инвестициони работи на трговски друштва во Република Македонија во странство во вредност од над 1.000.000 евра (банкарски конзорциум);

6) осигурување и реосигурување на побарувања врз основа на извршен извоз од комерцијални и некомерцијални ризици;

7) осигурување и пасивно реосигурување на странски инвестиции во Република Македонија и на инвестиции на домашни трговски друштва во странство од некомерцијални ризици;

8) откуп, продажба и наплата на побарувања;

9) факторинг и форфетинг за сметка на комитенти;

10) економско-финансиски консалтинг и

11) прибирање, обработка и објавување на податоци за составување (утврдување) на кредитен рејтинг на правни лица и нивна продажба.

Работите од ставот 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој член Банката ги врши преку комерцијални банки, при што изложеноста на Банката спрема одделна банка може да изнесува најмногу до двојниот износ на гарантниот капитал на Банката.

За обезбедување од потенцијални загуби кои произлегуваат од конкретни ризични активни билансни и вонбилансни позиции Банката издвојува посебна резерва според посебна методологија што ја пропишува Народната банка на Република Македонија.

На Банката не се применуваат прописите со кои се уредува отворената девизна позиција.

За вршење на работите од ставот 1 на овој член Банката може од свое име и за своја сметка, врз основа на одлука на Управниот одбор, да склучува кредитни работи со домашни и странски институции и да издава хартии од вредност во согласност со закон.

Банката нема да одобрува кредити или да издава гаранции на државата, на јавните претпријатија и на институциите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините.

Банката ќе ги извршува активностите предвидени во овој член единствено со претпријатија кои навремено ги намируваат своите пристигнати обврски кон банките.

Начинот на вршење на работите од ставовите 1, 2 и 5 на овој член поблиску се уредува со статутот на Банката."

Член 6

Во членот 8 став 2 зборовите: "гаранција за осигурување и реосигурување од комерцијални и некомерцијални ризици" се заменуваат со зборовите: "средства за обезбедување на плаќања во врска со активностите на Банката од членот 6 став 1 и членот 8-а став 1 на овој закон".

Член 7

По членот 8 се додава поднаслов 3.2, кој гласи "3.2 Активности на Гарантниот фонд" со три нови члена 8-а, 8-б и 8-в, кои гласат:

"Член 8-а

Средствата од Гарантниот фонд се користат за издавање гаранции за обезбедување на плаќања по долгорочни кредити за инвестиции одобрени од страна на банки и други финансиски институции во Република Македонија на микро, мали и средни трговци, трговци-поединци и занаетчии, регистрирани во Република Македонија.

Гаранциите од ставот 1 на овој член не се одобруваат за проекти кои:

1) се финансирани или гарантирани со средства на Банката (член 6 став 1 точки 1, 2, 3 и 4);

2) ја загадуваат животната средина и природа;

3) се наменети за производство и дистрибуција на оружје и воена опрема и

4) се наменети за производство на дрога и други опојни средства.

Гаранциите од ставот 1 на овој член се одобруваат во корист на комерцијалните банки и други финансиски институции од Република Македонија, при што изложеноста на Гарантниот фонд спрема одделна банка не може да го надмине износот на средствата на Гарантниот фонд. Изложеноста на гарантниот фонд спрема одделна банка не се пресметува во изложеноста од членот 6 став 2 на овој закон.

За издадените гаранции се наплатува провизија во висина што ја утврдува Управниот одбор на Банката.

Член 8-б

Гарантниот фонд гарантира до една третина од кредити со вредност до 150.000 евра, при што износот на гаранцијата не може да надмине 35.000 евра.

Гаранциите се издаваат за период до десет години.

Од средствата на Гарантниот фонд на исто правно или физичко лице и на поврзани субјекти во смисла на Законот за банките, не може да се издаде повеќе од една гаранција во период од три години.

Гаранциите се издаваат врз основа на договор склучен согласно со Законот за облигациони односи.

Управниот одбор на Банката поблиску ги пропишува условите и постапката за издавање на гаранции и инструментите за нивно обезбедување.

Член 8-в

Гаранциите издадени од Гарантниот фонд се плаќаат во рок од три месеца од денот на доспевање на обврската."

Член 8

Во Главата 4 СРЕДСТВА пред членот 9 се додава нов поднаслов 4.1., кој гласи:

"4.1. Средства на Банката".

Член 9

Во членот 12 став 1 зборовите: "членот 6 став 1 алинеја 4" се заменуваат со зборовите: "членот 6 став 1 точки 6 и 7".

Член 10

По членот 14 се додава нов поднаслов 4.2., кој гласи: "4.2. Средства на Гарантниот фонд" со три нови члена 14-а, 14-б и 14-в, кои гласат:

"Член 14-а

Средствата на Гарантниот фонд се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија, како неповратен депозит во износ од 265.000.000,00 денари;
- донации од земјата и странство;
- приходи од провизии за издадени гаранции;
- приходи од пласмани во хартии од вредност и
- други извори.

На средствата од ставот 1 на овој член не се пресметува и исплатува камата.

Средствата на Гарантниот фонд не влегуваат во гарантниот капитал на Банката и можат да се користат само за намените од членот 8-а на овој закон.

Член 14-б

За работа со средствата од Гарантниот фонд Банката отвора посебна сметка во Народната банка на Република Македонија.

За средствата на Гарантниот фонд Банката води посебна сметководствена евиденција.

До 70% од средствата на Гарантниот фонд може да се пласираат во краткорочни хартии од вредност со рок до три месеци издадена од државата и од Народната банка на Република Македонија.

Член 14-в

Вкупниот износ на издадени гаранции не може да го надмине трикратниот износ на средствата на Гарантниот фонд, при што во првата година од работењето не може да го надмине износот на средствата на Гарантниот фонд, а во втората двојниот износ на средствата на Гарантниот фонд."

Член 11

Пред членот 15 се додава нов наслов кој гласи:

"4.3. Гаранции за обврски".

Член 12

Во членот 15 став 1 зборовите: "членот 6 став 1 алинеи 1 и 2 и став 3 од истиот член" се заменуваат со зборовите: "членот 6 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10 и 11 и членот 8-а став 1 на овој закон".

Во ставот 2 зборовите: "алинеја 1" се бришат.

Член 13

Членот 16 се менува и гласи:

"Внатрешната организација на Банката се уредува со статутот на Банката и други општи акти на Банката."

Член 14

Насловот на Главата 7 се менува и гласи:

"7. Управување".

Член 15

Членот 17 се менува и гласи:

"Република Македонија во Собранието на Банката е претставена од пет лица именувани од Владата на Република Македонија - претставници на државниот капитал.

До приватизација на најмалку 15% од капиталот на Банката, именуваните претставници на државниот капитал во Собранието на Банката воедно се и членови на Управниот одбор на Банката.

Со приватизација на најмалку 15% од капиталот на Банката, Управниот одбор на Банката го сочинуваат пет члена именувани од Собранието на Банката и тоа три на предлог на претставниците на државниот капитал во Собранието на Банката, по претходна согласност на Владата на Република Македонија и два члена на предлог на другите акционери на Банката.

Со приватизација на најмалку 15% од капиталот на Банката одлуките во врска со средствата од Гарантниот фонд ги донесуваат членовите на Управниот одбор на Банката назначени на предлог на претставниците на државниот капитал во Собранието на Банката."

Член 16

Членот 18 се брише.

Член 17

Членот 19 се менува и гласи:

"Надзор над Банката врши Народната банка на Република Македонија, во согласност со Законот за банките и Министерството за финансии, во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето."

Член 18

Во членот 20 зборовите: "економски проценител" се заменуваат со зборот "ревизор".

Се додава нов став 2, кој гласи:

"За користење на средствата од Гарантниот фонд Банката двапати годишно доставува извештаи до Владата на Република Македонија."

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E BANKËS MAQEDONASE PËR PËRKRAHJEN E ZHVILLIMIT

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Bankës Maqedonase për përkrahjen e zhvillimit ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 24/98 dhe 6/2000), neni 2 ndryshon si vijon:

"Detyrë themelore e Bankës është përkrahja e zhvillimit përmes financimit të investimeve të ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme, përkrahja eksportit dhe zbatimi i huave dhe donacioneve nga bota e jashtme.

Për përkrahjen e zhvillimin përmes garancisë së kredive të miratuara për investime nga bankat dhe institucionet tjera financiare, në Bankë organizohet Fondi garantues si njësi e posaçme organizative."

Neni 2

Në nenin 3 fjalët: "Ligji për bankat dhe kursimoret" zëvendësohet me fjalët: "Ligji për bankat".

Neni 3

Në nenin 4 paragrafi 3 fjalët: "30 milionë marka gjermane", zëvendësohen me fjalët: "15 milionë euro".

Paragrafi 5 fshihet.

Neni 4

Në Kapitullin 3 Lënda e punës, para nenit 6 shtohet nëntitulli 3.1., si vijon:

"3.1. Aktivitete të Bankës".

Neni 5

Neni 6 ndryshon si vijon:

"Banka mund t'i kryejë aktivitetet financiare vijuese:

1) kreditimin e fillimit me punë dhe zhvillimin e ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme në Republikën e Maqedonisë me kredi afatmesme dhe afatgjate;

2) kreditimin (financim) e punëve investuese në botën e jashtme, eksportin dhe përgatitjen për eksport të shoqërive tregtare nga Republika e Maqedonisë;

3) rifinancimin, deri më 50 % e kredive afatmesme dhe afatgjate për eksport dhe për punë investuese në botën e jashtme të miratuara nga bankat e vendit dhe institucionet tjera financiare, të siguruara paraprakisht në Bankë me rrezik jokomercial.

4) dhënien e instrumenteve për sigurimin e pagesave (garancive, avaleve, pengut të kontraktuar dhe formave të tjera të sigurimit) sipas kredive të miratuara nga bankat dhe institucionet tjera financiare për projektet nga pikat 1 dhe 2 të këtij paragrafi;

5) shoqërimin e përkohshëm me banka të tjera për lëshimin e garancive për punë investuese të shoqërive tregtare në Republikën e Maqedonisë në vendet e jashtme me vlerë prej mbi 1.000.000 euro (konsorcium bankar);

6) sigurimin dhe risigurimin e kërkesave në bazë të eksportit të kryer nga rreziqet komerciale dhe jokomerciale;

7) sigurimin dhe risigurimin pasiv të investimeve të huaja në Republikën e Maqedonisë dhe investimeve të shoqërive tregtare të vendit në botën e jashtme nga rreziqet jokomerciale;

8) blerjen, shitjen dhe pagesën e kërkesave;

9) faktoringun dhe forfetingun në llogari të komintentëve;

10) konsalltingun ekonomiko-financiar dhe

11) grumbullimin, përpunimin dhe shpalljen e të dhënave për formimin (përcaktimin) e rejtingut kreditor të personave juridikë dhe shitjen e tyre.

Punët nga paragrafi 1 pikat 1, 2, 3 dhe 4 të këtij neni, Banka i kryen përmes bankave komerciale, me ç'rast ekspozimi i Bankës ndaj bankës së caktuar, mund të jetë më së shumti deri në shumën e dyfishtë të kapitalit garantues të Bankës.

Për sigurimin e humbjeve potenciale, të cilat dalin nga pozicionet konkrete të rrezikshme aktive të bilancit dhe jashtë bilancit, Banka ndan rezervë të posaçme sipas metodologjisë së posaçme të cilën e përcakton Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë.

Për Bankën nuk zbatohen dispozitat me të cilat rregullohet pozicioni i hapur devizor.

Për kryerjen e punëve nga paragrafi 1 i këtij neni, Banka në emrin vet dhe në llogarinë e vet, në bazë të vendimit të Këshillit drejtues, mund të kontraktojë punë kreditore me institucione të vendit dhe të huaja dhe të japë letra me vlerë në pajtim me ligjin.

Banka nuk do të do t'i lejojë kredi apo t'i lëshojë garanci shtetit, ndërmarrjeve publike dhe institucioneve, të cilat financohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë dhe nga buxhetet e komunave.

Banka do t'i kryejë aktivitetet e parapara në këtë nen vetëm me ndërmarrjet, të cilat me kohë i përmbushin obligimet e tyre të arritura ndaj bankave.

Mënyra e kryerjes së punëve nga paragrafët 1, 2 dhe 5 të këtij neni në mënyrë më të përafërt rregullohet me Statutin e Bankës.

Neni 6

Në nenin 8 në paragrafin 2 fjalët: "garanci për sigurimin dhe risigurimin e rreziqeve komerciale dhe jokomerciale" zëvendësohen me fjalët: "mjetet për sigurimin e pagesës në lidhje me aktivitetet e Bankës nga neni 6 paragrafi 1 dhe neni 8-a paragrafi 1 i këtij ligji".

Neni 7

Pas nenit 8 shtohet nëntitulli 3.2, si vijon "3.2 Aktivitete të Fondit garantues" me 3 nene të reja 8-a, 8-b, dhe 8-v si vijojnë:

"Neni 8-a

Mjetet e Fondit garantues shfrytëzohen për lëshimin e garancive për sigurimin e pagesës sipas kredive afatgjate për investime të miratuara nga ana e bankave dhe nga institucionet tjera financiare në Republikën e Maqedonisë në tregtarë mikro, të vegjël dhe të mesëm, tregtarë-individë dhe zejtarë, të regjistruar në Republikën e Maqedonisë.

Garancitë nga paragrafi 1 të këtij neni, nuk lejohen për projekte, të cilat:

1) financohen apo të garantohen me mjetet e Bankës (neni 6 paragrafi 1 pikat 1, 2, 3 dhe 4);

2) e ndotin ambientin jetësor dhe natyrën;

3) dedikohen për prodhimtarinë dhe distribuimin e armës dhe pajisjes luftarake dhe

4) dedikohen për prodhimtarinë e drogës dhe mjeteve të tjera dehëse.

Garancitë nga paragrafi 1 i këtij neni lejohen në dobi të bankave komerciale dhe institucioneve të tjera financiare të Republikës së Maqedonisë, me ç'rast ekspozimi i Fondit garantues ndaj bankës së caktuar nuk mund ta tejkalojë shumën e mjeteve të Fondit garantues. Ekspozimi i Fondit garantues ndaj bankës së caktuar nuk llogaritet në ekspozimin nga neni 6 paragrafi 2 i Ligjit.

Për garancitë e dhëna paguhet provizion në lartësinë që e përcakton Këshilli drejtues i Bankës.

Neni 8-b

Fondi garantues garanton deri në 1/3 e kredive me vlerë deri në 150.000 euro, me ç'rast vlera e garancisë nuk mund ta tejkalojë 35.000 euro.

Garancitë jepen në periudhë deri në 10 vjet.

Nga mjetet e Fondit garantues personit të njëjtë juridik apo fizik dhe subjekteve të ndërlidhura në kuptim të Ligjit për bankat, nuk mund të jepet më shumë se një garanci në periudhë prej 3 vjetësh.

Garancitë jepen në bazë të marrëveshjes së kontraktuar në pajtim me Ligjin për marrëdhënie obliguese.

Këshilli drejtues i Bankës në mënyrë më të përafërt i përcakton kushtet dhe procedurën për dhënien e garancive dhe instrumenteve për sigurimin e tyre.

Neni 8-v

Garancitë e dhëna nga Fondi garantues kthehen në afat prej 3 muajsh nga dita e arritjes së obligimit."

Neni 8

Në kapitullin 4 MJETET para nenit 9 shtohet nëntitulli 4.1., si vijon: "4.1. Mjetet e Bankës".

Neni 9

Në nenin 12 paragrafin 1 fjalët: "neni 6 paragrafi 1 alineja 4" zëvendësohen me fjalët: "neni 6 paragrafi 1 pikat 6 dhe 7".

Neni 10

Pas nenit 14 shtohet nëntitull i ri 4.2., si vijon: "4.2. Mjetet e Fondit garantues" me tre nene të reja 14-a, 14-b dhe 14-v, si vijojnë:

"Neni 14-a

Mjetet e Fondit garantues sigurohen prej:

- Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, si depozitë e pakthyer në shumë prej 265.000.000,00 denarë;
- Donacione nga vendi dhe bota e jashtme;
- Të ardhura nga provizionet për garancitë e lëshuara;
- Të ardhura nga plasmanet në letra me vlerë dhe
- Burime të tjera.

Për mjetet nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk llogaritet dhe nuk paguhet kamatë.

Mjetet e Fondit garantues nuk hyjnë në kapitalin garantues të Bankës dhe mund të shfrytëzohen vetëm për destinimet nga neni 8-a i këtij ligji.

Neni 14-b

Për punën me mjetet e Fondit garantues, Banka hap llogari të posaçme në Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë.

Për mjetet e Fondit garantues Banka mban evidencë të posaçme të kontabilitetit.

Deri në 70% të mjeteve të Fondit garantues, mund të plasohen në letra me vlerë afatshkurta me afat deri në tre muajsh të dhëna nga shteti dhe nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë.

Neni 14-v

Shuma e përgjithshme e garancive të lëshuara nuk mund ta tejkalojë shumën trefishe të mjeteve të Fondit garantues, me ç'rast në vitin e parë të punës nuk mund ta tejkalojë shumën e mjeteve të Fondit garantues, ndërsa në vitin e dytë shumën e dyfishtë të mjeteve të Fondit garantues".

Neni 11

Para nenit 15 shtohet titull i ri si vijon:

"4.3 Garanci për obligime".

Neni 12

Në nenin 15 paragrafi 1, fjalët: "neni 6 paragrafi 1 alinetë 1 dhe 2 dhe paragrafi 3 i nenit të njëjtë", zëvendësohet me fjalët: "neni 6 paragrafi 1 pikat 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10 dhe 11 dhe neni 8-a paragrafi 1 i këtij ligji".

Në paragrafin 2 fjalët: "alineja 1" fshihen.

Neni 13

Neni 16 ndryshon si vijon:

"Organizimi i brendshëm i Bankës rregullohet me Statutin e Bankës dhe aktet të tjera të përgjithshme të Bankës."

Neni 14

Titulli i kapitullit 7 ndryshon si vijon:

"7. Administrimi".

Neni 15

Neni 17 ndryshon si vijon:

"Republika e Maqedonisë në Kuvendin e Bankës, përfaqësohet prej pesë anëtarësh të emëruar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Deri në privatizimin e së paku 15% të kapitalit të Bankës, përfaqësuesit e emëruar të kapitalit shtetëror në Kuvendin e Bankës, në të njëjtën kohë janë edhe anëtarë të Këshillit drejtues të Bankës.

Me privatizimin e së paku 15% të kapitalit të Bankës, Këshillin drejtues të Bankës e përbëjnë pesë anëtarë të emëruar nga Kuvendi i Bankës, edhe atë tre me propozimin e përfaqësuesve të kapitalit shtetëror në Kuvendin e Bankës, me pajtueshmëri paraprake të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, dhe dy anëtarë me propozimin e aksionarëve të tjerë të Bankës.

Me privatizimin e së paku 15% të kapitalit të Bankës, vendimet në lidhje me mjetet e Fondit garantues i marrin anëtarët e Këshillit drejtues të Bankës, të caktua me propozimin e përfaqësuesve të kapitalit shtetëror në Kuvendin e Bankës".

Neni 16

Neni 18 fshihet.

Neni 17

Neni 19 ndryshon si vijon:

"Mbikëqyrje mbi bankën kryen Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë, në pajtim me Ligjin për bankat dhe Ministria e Financave, në pajtim me Ligjin për supervizion dhe sigurim."

Neni 18

Neni 20 fjalët: "vlerësuesi ekonomik" zëvendësohet me fjalën "revizor".

Shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Për shfrytëzimin e mjeteve të Fondit garantues, Banka dy herë në vit dorëzon raporte në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë."

Neni 19

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1494.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за Централен регистар,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4591/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Член 1

Во Законот за Централен регистар ("Службен весник на Република Македонија" број 50/2001 и 49/2003) во членот 18-а се додава нов став 2, кој гласи:

"Надоместокот од ставот 1 на овој член не се наплаќа од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија од областа на законодавната, извршната и судската власт."

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR REGJISTRIN QENDROR

Neni 1

Në Ligjin për Regjistrin Qendror ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 50/2001 dhe 49/2003) në nenin 18-a shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Kompensimi nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk arkëtohet nga shfrytëzuesit dhe nga individët shfrytëzues të mjeteve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë nga fusha e pushtetit ligjvënës, ekzekutiv dhe gjyqësor".

Paragrafët 2, 3 dhe 4 bëhen paragrafë 3, 4 dhe 5.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1495.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РЕФОРМИ ВО ЖЕЛЕЗНИЦАТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници и Меѓународната банка за обнова и развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2005 година.

Бр. 07-4592/1
9 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РЕФОРМИ ВО ЖЕЛЕЗНИЦАТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници и Меѓународната банка за обнова и развој, во износ од 15.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, само во случаите кога ЈП Македонски железници нема да ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон ќе бидат утврдени со Договорот за заем меѓу ЈП Македонски железници и Меѓународната банка за обнова и развој.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП Македонски железници од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од пет години и каматна стапка од ЛИБОР + 0,75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети почнувајќи од 15 април 2011 година до 15 октомври 2022 година во износ од 625.000 ЕВРА.

Во грејс периодот од пет години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

Член 5

На или веднаш по датумот на влегувањето во сила на Договорот за заем од членот 2 на овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на заемот. Износот на еднократната провизија може да биде и помала од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската Банка.

Провизијата од ставот 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 април и на 15 октомври секоја година.

Член 6

Доколку пристигнатите обврски по основ на камата и главнина, во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на ЈП Македонски железници ги плати Република Македонија, ЈП Македонски железници е должно во рок од 30 дена од денот на извршувањето на обврската да пренесе во корист во сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на ЈП Македонски железници врз основа на враќање на ДДВ со цел да се намират пристигнатите обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Член 7

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и ЈП Македонски железници ќе склучат посебен договор.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR GARANTIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË TË OBLIGIMEVE NË MARRËVESHJEN PËR HUA, DEDIKUAR PËR PROJEKTIN PËR REFORMA NË HEKURUDHË, I CILI DO TË LIDHET MIDIS NP HEKURUDHAT E MAQEDONISË DHE BANKËS NDËRKOMBËTARE PËR PËRTËRITJE DHE ZHVILLIM

Neni 1

Republika e Maqedonisë e garanton përmbushjen e obligimeve dhe plotësimin e dispozitave të Marrëveshjes për hua të dedikuar për Projektin për reforma në hekurudhë, i cili do të lidhet midis NP Hekurudhat e Maqedonisë dhe Bankës Ndërkombëtare për Përtëritje dhe Zhvillim, në shumë prej 15.000.000 euro, sipas afateve dhe kushteve të parapara në Marrëveshjen për hua, vetëm në rastet kur NP Hekurudhat e Maqedonisë nuk do t'i plotësojë dhe servisojë obligimet e Marrëveshjes për hua.

Neni 2

Kushtet dhe shfrytëzimi i huas nga neni 1 nga ky ligj, do të përcaktohen me Marrëveshjen për hua midis NP Hekurudhat e Maqedonisë dhe Bankës Ndërkombëtare për Përtëritje dhe Zhvillim.

Neni 3

Të gjitha obligimet financiare të cilat dalin nga Marrëveshja për hua nga neni 1 i këtij ligji, si dhe servisimin e huas, do t'i kryejë NP Hekurudhat e Maqedonisë nga të hyrat të cilat i realizon, në afatet dhe kushtet e përcaktuara në Marrëveshjen për hua.

Neni 4

Afati për kthimin e huas nga neni 1 nga ky ligj është 17 vjet, me grejs periudhë prej 5 vjetësh dhe shkallë të kamatës LIBOR +0.75% në vit.

Huaja do të paguhet në 24 anuitete gjysmëvjetori, duke filluar prej 15 prill 2011 deri 15 tetor 2022 në shumë prej 625.000 euro.

Gjatë grejs periudhës prej 5 vitesh, që paraqet edhe periudhë të realizimit të projektit, do të paguhet vetëm kamata e huas.

Neni 5

Me datën ose menjëherë pas datës së hyrjes në fuqi të Marrëveshjes për hua nga neni 2 nga ky ligj, paguhet provizion i shkurtër-shpenzim në shumë prej 1% nga shuma e huas.

Shuma e provizionit të shkurtër mund të jetë edhe më e vogël se 1% në bazë të vendimit të marrë paraprakisht të Bankës Ndërkombëtare për Përtëritje dhe Zhvillim-Banka Botërore.

Për shumën e mjeteve të patërhequra të huas paguhet provizion në lartësi prej 0,75% në vit të përcaktuar nga ana e Bankës Ndërkombëtare për Përtëritje dhe Zhvillim-Banka Botërore.

Provizioni nga paragrafi 2 nga ky nen paguhet në gjysmëvjetor edhe atë me 15 prill dhe me 15 tetor secilin vit.

Neni 6

Nëse obligimet e arritura në bazë të kamatës dhe kryegjësë, në afatet e përcaktuara me Marrëveshjen për hua, në emër të NP Hekurudhat e Maqedonisë është e detyruar t'i paguajë Republika e Maqedonisë, NP Hekurudhat e Maqedonisë në afat prej 30 ditësh nga dita e kryerjes së obligimit, të bartë në dobi të llogarisë së të hyrave të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, mjete në denarë në lartësinë e pagesës së kryer, të zmadhuar për kamatën e llogaritur dhe për shpenzimet e paraqitura të lidhura me transaksionin adekuat.

Ministri i Financave mund t'i japë urdhëresë Drejtorisë së të hyrave publike për bllokimin e mjeteve të NP Hekurudhat e Maqedonisë në bazë të kthimit të TVSH me qëllim që të përmbushen obligimet e arritura ndaj kreditorit, respektivisht t'i kompensohen shtetit mjete në denarë në lartësinë e pagesës së kryer, të zmadhuar me kamatën e llogaritur dhe për shpenzimet e paraqitura lidhur me transaksionin adekuat.

Neni 7

Për rregullimin e të drejtave dhe obligimeve midis tyre, të cilat dalin nga Marrëveshja për hua dhe Marrëveshja për garantim, Ministria e Financave dhe NP Hekurudhat e Maqedonisë do të lidhin marrëveshje të veçantë.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1496.

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

У Р Е Д Б А ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВАКУАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се уредува организацијата и спроведувањето на евакуацијата на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на евакуација на населението имаат сите субјекти утврдени во Законот за заштита и спасување (во натамошниот текст: задолжени субјекти), а особено Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Дирекцијата за заштита и спасување, органите на општините, односно на градот Скопје, Црвениот крст на Република Македонија и други хуманитарни организации.

II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕВАКУАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 2

Во зависност од времето и начинот на спроведувањето, евакуацијата на населението се организира како:

- навремена евакуација, која се спроведува пред отпочнување на дејствата на природните непогоди, епидемии и други несреќи во мир и во војна, доколку истите можат да се предвидат и

- дополнителна евакуација, која ќе се спроведува веднаш по појавата или за времетраење на дејствата од природните непогоди, епидемии и други несреќи во мир и во војна.

Член 3

Во зависност од обемот, евакуацијата на населението може да биде целосна и делумна.

Член 4

При целосна евакуација се евакуира сето население, а се спроведува од реоните и објектите што се загрозени од природни непогоди, епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна.

Член 5

Со делумната евакуација се обезбедува намалување на бројот на населението во најзагрозените реони и објекти и може да биде селективна и структурна.

Со селективната евакуација се опфаќаат само определени категории на население, за кои се претпоставува дека поради карактерот на опасноста не можат ефикасно да се заштитат.

Структурната евакуација опфаќа преместување на дел од населението со цели семејства, освен граѓаните распоредени во републичките сили за заштита и спасување и во вооружените сили и на други должности во заштитата и спасувањето и во одбраната.

Член 6

Определените категории на население што подлежат на евакуација се:

- деца до седум години возраст;
- бремени жени или мајки со деца до седум години;
- деца до 14 години, без родители или чии родители се ангажирани во структурите на заштитата и спасувањето и во одбраната и
- тешко болни и неподвижни лица.

Приоритет во евакуацијата имаат децата до седум години возраст и бремените жени и мајки со деца до седум години.

Член 7

За спроведување на евакуација на оддалеченост до пет километри сметано од собирниот до прифатниот пункт, нема да се обезбеди превоз, освен за болните и изнемоштени, нивните старатели или негователи, мајки со деца до седум години и бремени жени.

Евакуацијата над пет километри се спроведува со соодветни обезбедени превозни средства за превоз на населението.

Член 8

Собирниот пункт претставува планирано и обележано место каде се врши организирано собирање на населението планирано за евакуација.

Прифатен пункт претставува планирано и обележано место каде се врши организирано прифаќање на евакуираното население.

Член 9

Во зависност од времетраењето на престојот во прифатните реони и објекти евакуацијата може да биде:

- краткотрајна, со траење до 15 дена и
- долготрајна, со траење од 15 дена до една година.

Член 10

При сместување на евакуираните лица во објекти од цврст материјал, за секое лице се обезбедува минимум од 2,5 – 3 $м^2$ нето станбена површина, а за сопствениците или корисниците на објектите минимум од 6-8 $м^2$ на секој член што продолжува да живее во објектот.

При сместување во објекти од времен карактер (шатори и приколки) за секое евакуирано лице се обезбедува површина од 1,5-2,5 м2 нето станбена површина.

Член 11

Евакуацијата на населението може да се спроведува и со самоевакуација, по пат на разместување на населението во сопствени објекти и објекти на блиски роднини со превозни средства во времето определено за евакуација.

Член 12

Организацијата на евакуацијата на населението опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на евакуацијата.

Член 13

Активностите околу планирањето и подготвувањето на евакуацијата се вршат согласно планските документи, а се спроведуваат пред настанување на природни непогоди , епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна.

Организирањето на евакуацијата се врши и по настанувањето на природни непогоди епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна, доколку со тоа се постигне повисок степен на заштита и спасување на населението кое се наоѓа во зафатот на истите.

1. Планирање на активности за спроведување на евакуацијата на населението

Член 14

Планирањето на активности за спроведување на евакуацијата на населението опфаќа процена на можните загрозувања на населбите и објектите во кои живее населението, утврдување на потребна организација за спроведување на евакуацијата и пропишување на оперативната постапка за спроведување на евакуацијата.

Член 15

Потребната организација за спроведување на евакуацијата на населението се утврдува во плановите за заштита и спасување.

При утврдувањето на потребната организација посебно се определуваат задачите на задолжените субјекти и задачите, јачината и видот на силите за заштита и спасување кои учествуваат во спроведувањето на евакуацијата, собирните и прифатните пунктови, патиштата и начините на извршување на евакуацијата, реоните и објектите за разместување на евакуираното население и други активности и мерки.

Член 16

Со оперативната постапка за спроведување на евакуацијата, пропишана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, се определуваат активностите и постапките на учесниците во спроведувањето на евакуацијата од моментот на добивањето на задачата, па се до нејзиното извршување.

2. Подготвување на активности за спроведување на евакуацијата на населението

Член 17

Подготвувањето на активностите за спроведување на евакуацијата на населението опфаќа организациски и оперативни мерки и постапки со кои се обезбедуваат потребните предуслови за спроведување на планираните активности за спроведување на евакуацијата.

За реализација на активностите од став 1 на овој член, задолжените субјекти кои ја спроведуваат евакуацијата на населението во рамките на развојното и оперативно планирање посебно предвидуваат:

- евиденција на населението кое подлежи на евакуација, според населбите и утврдените категории;
- начин на спроведување на евакуацијата (собирни места, правци на движење, број и вид на превозни средства, број и вид на екипи за логистичка поддршка, потребни материјални ресурси и др.);
- број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население;
- преглед на учесниците во спроведувањето на евакуацијата;
- вид, количина и начин на обезбедување на потребните материјални ресурси за евакуираното население со утврдени временски рокови;
- можности за снабдување со храна, вода, електрична енергија, комуникациски врски и друго во населбите во кои е сместено евакуираното население;
- проверка и сервисирање на обезбедените материјални ресурси;
- временски рокови за склучување на потребни договори;
- временски рокови за пополнување на силите за заштита и спасување кои учествуваат во спроведувањето на евакуацијата, со персонал и материјални ресурси и
- едукација, обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и на населението.

III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 18

Во спроведувањето на евакуацијата на населението задолжените субјекти и силите за заштита и спасување ги исполнуваат задачите и должностите кои се утврдени со планот за заштита и спасување според утврдената оперативна постапка.

Член 19

Спроведувањето на евакуацијата на населението опфаќа активности во функција на подготовки и оперативни функции.

а) Активности во функција на подготовки

Член 20

Во функција на подготовки задолжените субјекти за спроведување на евакуацијата на населението ја воспоставуваат потребната организација согласно член 15 на оваа уредба.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член задолжените субјекти:

- го обезбедуваат пропишаниот потребен минимум персонални и материјални ресурси за функционирање на воспоставената организација;
- спроведуваат едукација, обука и вежби со задолжениот персонал и силите за заштита и спасување;
- ги одржуваат и сервисираат материјалните средства наменети за спроведување на евакуацијата;
- ги склучуваат потребните договори, утврдени со Законот за заштита и спасување и
- ги преземаат и другите активности и мерки утврдени со оперативните постапки.

б) Оперативни функции

Член 21

Задолжените субјекти за спроведување на евакуацијата на населението во рамките на оперативните функции спроведуваат активности и мерки во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и по завршување на опасностите и отстранување на последиците.

Член 22

Во услови на природни непогоди, епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна, евакуацијата на населението се спроведува надвор од зоната на влијание и тоа се додека трае опасноста, а по отстранување на последиците и обезбедување на услови за живот, населението се враќа во своите домови.

б-1) Активности и мерки во случај на непосредна опасност

Член 23

Кога надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на непосредна опасност, надлежните и одговорните лица во задолжените субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на евакуацијата на населението.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член, ги активираат надлежните и одговорни лица за спроведување на евакуацијата и ги задолжуваат да преземат организациски, стручни, безбедносни и други мерки заради зголемување на подготвеноста за извршување на задачите во споредувањето на евакуацијата на населението.

Член 24

Во случај на непосредна опасност од загрозување на населбите и објектите во кои живее населението, задолжените субјекти ги спроведуваат следните активности и мерки:

- Општините, односно градот Скопје според утврдената евиденција го информираат населението кое треба да се евакуира за активностите кои престојат и за собирните места каде треба да се јават како и организираат превоз до населбите во кои ќе бидат сместени, ги сместуваат во објектите во кои ќе престојуваат и ги преземаат другите активности и мерки според утврдената оперативна постапка;

- Дирекцијата за заштита и спасување ги координира активностите на задолжените субјекти, учествува во спроведувањето на евакуацијата и преку републичките сили за заштита и спасување им помага на општините, односно на градот Скопје во спроведувањето на евакуацијата;

- Министерството за труд и социјална политика обезбедува услови за сместување на евакуираното население во определените објекти или во поставување на кампови и обезбедува и други материјални услови за потребите на евакуираното население;

- Министерството за локална самоуправа ги координира активностите на општините односно градот Скопје;

- Министерството за здравство, преку јавните здравствени установи обезбедува здравствена заштита за евакуираното население и спроведува потребни хигиено-епидемиолошки мерки;

- Министерството за внатрешни работи обезбедува безбеден транспорт на конвоите со евакуирано население и се грижи за безбедноста во населбите каде престојува евакуираното население;

- Министерството за надворешни работи ги координира активностите за добивање на меѓународна помош во материјални добра и луѓе;

- Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање се грижи за планирање и уредување на просторот за сместување на евакуираното население, обезбедува потребна инфраструктура за спроведување на евакуацијата, обезбедува транспортни средства за извршување на евакуацијата и обезбедува потребни врски за комуникација ;

- Министерството за образование и наука го организира и спроведува воспитно образовниот процес со евакуираните деца, во случај кога проценета за времетраењето на евакуацијата е повеќе од десет дена и

- Црвениот крст на Република Македонија и другите хуманитарни организации учествуваат за време на транспортот и сместувањето на евакуираното население, при што обезбедуваат потребни капацитети (шатори, постелнина и др.) за поставување на кампови, обезбедуваат нега на болни и изнемоштени лица, односно во давање на прва медицинска помош, учествуваат во обезбедување на храна и други потреби за живот на евакуираното население.

б-2) Активности и мерки за време на траење на опасноста

Член 25

За време на траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведување на евакуацијата на населението ги спроведуваат следните активности и мерки:

- ги насочуваат и координираат самозаштитните активности ;

- учествуваат во спроведувањето на евакуацијата со силите за заштита и спасување и

- раководат и ги координираат сите активности за спроведување на евакуацијата на населението.

Член 26

За време на траењето на опасноста, задолжените субјекти од член 24 на оваа уредба, продолжуваат да ги спроведуваат активностите кои им се определени или кои дополнително ќе произлезат за заштита на евакуираното население.

б-3) Активности и мерки по завршување на опасностите и отстранување на последиците

Член 27

По завршувањето на опасностите и отстранувањето на последиците предизвикани од природните непогоди, епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна, задолжените субјекти преземаат активности и мерки за организирано враќање на евакуираното население во постојаното место на живеење согласно утврдената оперативна постапка.

Член 28

Раководниот персонал во задолжените субјекти и командниот персонал на силите за заштита и спасување врз основа на воденатa евиденција за спроведување на активностите за евакуација на населението најдоцна за четири часа по завршувањето на активностите, го анализираат своето учество во спроведувањето на евакуацијата на населението.

Раководниот персонал во задолжените субјекти воденатa евиденција за употребата на службите и силите за заштита и спасување на задолжените субјекти, во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и по завршување на опасноста и отстранување на последиците и извештајот од извршената анализа ги доставува до Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од два дена, по завршувањето на активностите.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за критериумите за евакуација на населението („Службен весник на Република Македонија” - Посебен службен весник бр.13/92) и Правилникот за спроведување на евакуацијата на населението („Службен весник на Република Македонија” -Посебен службен весник бр.15/93).

Член 30

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-4465/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1497.

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

У Р Е Д Б А ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЊЕТО НА НАСТРАДАНОТО И ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се уредува организацијата и спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население имаат сите субјекти утврдени во Законот за заштита и спасување (во натамошниот текст: задолжени субјекти), а особено силите за заштита и спасување, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Дирекцијата за заштита и спасување, органите на општините, односно на градот Скопје, Црвениот крст на Република Македонија и други хуманитарни организации.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЊЕТО НА НАСТРАДАНОТО И ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Член 2

Организацијата на згрижувањето на настраданото и загрозеното население опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

а) Планирање на активности за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население

Член 3

Планирањето на активности за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население опфаќа проценување на можните загрозувања на животот и здравјето на населението, утврдување на потребна организација за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население и пропишување на оперативната постапка за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Член 4

Потребната организација за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население се утврдува во плановите за заштита и спасување.

При утврдувањето на потребната организација посебно се определуваат задачите на задолжените субјекти и задачите, големината и видот на силите за заштита и спасување кои учествуваат во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, објектите во кои ќе се врши згрижување на настраданото и загрозено население, нивниот вид, местоположба, начин на уредување и обезбедување на настраданите и загрозените со основни средства за живот.

Член 5

Со оперативната постапка за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, пропишана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување се определуваат активностите и постапките на учесниците во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, од моментот на добивањето на задачата, па се до нејзиното извршување.

б) Подготвување на активности за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население

Член 6

Подготвувањето на активностите за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население опфаќа организациски и оперативни мерки и постапки со кои се обезбедуваат потребни предуслови за спроведување на потребните планирани активности.

За реализација на активностите од став 1 на овој член, задолжените субјекти кои го спроведуваат згрижувањето на настраданото и загрозеното население во рамките на развојното и оперативно планирање посебно предвидуваат:

- број и вид на објекти предвидени за сместување на настраданото и загрозеното население;
- можности за снабдување со храна, вода, електрична енергија, телекомуникациски врски и слично;
- начин на спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население;
- обезбедување на материјални ресурси за потребите на згрижувањето на настраданото и загрозеното население;
- проверка и сервисирање на обезбедените материјални ресурси;
- склучување на потребни договори;
- пополнување на силите за заштита и спасување кои ќе учествуваат во згрижувањето и
- едукација, обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и на населението.

Член 7

Со подготвувањето на активностите за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, задолжените субјекти го обезбедуваат потребниот минимум за успешно и ефикасно спроведување на загрижувањето на настраданото и загрозеното население кој е утврден во нормативите и стандардите за заштита и спасување.

III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЊЕТО НА НАСТРАДАНОТО И ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Член 8

Во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население задолжените субјекти и силите за заштита и спасување ги исполнуваат задачите и должностите кои им се утврдени во плановите за заштита и спасување.

Член 9

Спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население опфаќа активности во функција на подготовки и оперативни функции.

а) Активности во функција на подготовки

Член 10

Во функција на подготовки, задолжените субјекти за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население ја воспоставуваат потребната организација од членот 4 на оваа уредба.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член задолжените субјекти го обезбедуваат потребниот минимум персонални и материјални ресурси за функционирање на воспоставената организација, спроведуваат едукација, обука и вежби со персоналот на задолжените субјекти и силите за заштита и спасување, ги одржуваат и сервисираат материјалните средства наменети за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, ги склучуваат потребните договори согласно Законот за заштита и спасување и презимаат и други активности и мерки пропишани со оперативната постапка за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

б) Оперативни функции

Член 11

Задолжените субјекти за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население, во рамките на оперативните функции спроведуваат активности и мерки, во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и во отстранување на последиците.

Член 12

Во услови на природни непогоди, епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна, згрижувањето на настраданото и загрозеното население се спроведува надвор од зоната на влијание и тоа се додека трае опасноста, а по отстранување на последиците и обезбедување на услови на живот, населението се враќа во своите домови.

б-1) Активности и мерки во случај на непосредна опасност

Член 13

Кога надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на непосредна опасност, надлежните и одговорните лица во задолжените субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член ги активираат надлежните и одговорни лица за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население и ги задолжуваат да преземат организациски, стручни, безбедносни и други мерки заради зголемување на подготвеноста за извршување на задачите во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Член 14

Во случај на непосредна опасност од загрозување на населението и објектите во кои живее загрозеното население, задолжените субјекти ги спроведуваат следните активности и мерки:

- Општините, односно градот Скопје според утврдената евиденција го информираат загрозеното население за опасностите и активностите кои претстојат и за собирните места каде треба да се јават, како и организираат превоз до објектите во кои населението ќе биде згрижено и ги спроведуваат другите активности според оперативна постапка;

- Дирекцијата за заштита и спасување ги координира активностите на задолжените субјекти, учествува во спроведувањето на згрижувањето и преку републичките сили за заштита и спасување им помага на општините, односно градот Скопје во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население;

- Министерството за труд и социјална политика обезбедува услови за сместување на загрозеното население во определените објекти или во поставување на кампови и обезбедуваат и други материјални услови за потребите на настраданото и загрозеното население;

- Министерството за локална самоуправа им помага и ги координира активностите на општините, односно градот Скопје;

- Министерството за здравство, преку јавните здравствени установи обезбедува здравствена заштита на настраданото и загрозеноста население и спроведува потребни хигиено-епидемиолошки мерки;

- Министерството за внатрешни работи обезбедува безбеден транспорт на конвоите со населението кое се згрижува и се грижи за безбедноста во објектите и населбите каде истото е сместено;

- Министерството за надворешни работи ги координира активностите за добивање на меѓународна помош во материјални добра и луѓе;

- Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање се грижи за планирање и уредување на просторот за сместување на настраданото и загрозеното население, обезбедува потребна инфраструктура за спроведување на згрижувањето, обезбедува транспортни средства за извршување на згрижувањето и обезбедува потребни врски за комуникација;

- Министерството за образование и наука го организира и спроведува воспитно образовниот процес со згрижените деца, во случај кога проценатa за времетраењето на згрижувањето е повеќе од десет дена и

- Црвениот крст на Република Македонија и другите хуманитарни организации активно учествуваат за време на транспортот и сместувањето на настраданото и загрозеното население, обезбедуваат потребни материјални средства и опрема (шатори,постелнина и др.) за поставување на кампови, обезбедуваат нега на болни и изнемоштени лица, учествуваат во давање на прва медицинска помош, учествуваат во обезбедување на храна и други потреби за живот на настраданото и загрозеното население.

б-2) Активности и мерки за време на траење на опасноста

Член 15

За време на траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население ги спроведуваат следните активности и мерки:

-ги насочуваат и координираат самозаштитните активности ;

-учествуваат во спроведувањето на згрижувањето на настраданото и загрозеното население со силите за заштита и спасување и

-раководат и ги координираат активностите во спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Член 16

За време на траењето на опасноста задолжените субјекти од член 14 на оваа уредба, продолжуваат да ги спроведуваат активностите кои им се определени или кои дополнително ќе произлезат за заштита на настраданото и загрозеното население.

б-3) Активности и мерки по завршување на опасностите и отстранување на последиците

Член 17

По завршувањето на опасностите и отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди, епидемии и други несреќи од поголеми размери во мир и во војна, задолжените субјекти преземаат активности и мерки за организирано напуштање на објектите во кои било згрижено настраданото и загрозеното население и нивно враќање во постојаното место на живеење, согласно утврдената оперативна постапка за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Член 18

Раководниот персонал во задолжените субјекти и командниот персонал на силите за заштита и спасување врз основа на воденатa евиденција за спроведување на активностите за згрижување на настрадaното и загрозено население, најдоцна четири часа по завршувањето на активностите, го анализираат своето учество во спроведувањето на згрижувањето на настрадaното и загрозено население.

Раководниот персонал во задолжените субјекти воденатa евиденција за употребата на службите и силите за заштита и спасување на задолжените субјекти, во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и по завршување на опасноста и отстранување на последиците и извештајот од извршената анализа ги доставува до Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од два дена, по завршувањето на активностите.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 19

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4464/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1498.

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр.36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се уредува организацијата и спроведувањето на заштитата од неексплодираните убојни средства, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на заштитата од неексплодираните убојни средства имаат сите субјекти утврдени во Законот за заштита и спасување (во натамошниот текст: задолжени субјекти), а особено силите за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

Член 2

Организацијата на заштитата од неексплодирани убојни средства опфаќа планирање и подготвување на активности и мерки за оперативно спроведување на заштитата од неексплодирани убојни средства.

Член 3

Планирањето и подготвувањето на заштитата од неексплодирани убојни средства опфаќа процена на можните загрозувања на населението и материјалните добра од неексплодираните убојни средства, утврдување на потребната организација и пропишување на оперативната постапка за спроведување на заштита од неексплодираните убојни средства.

Член 4

Во плановите за заштита и спасување се утврдува потребната организација за спроведување на заштитата од неексплодирани убојни средства, при што детално се разработуваат задачите на задолжените субјекти и на тимовите за брз одговор.

III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

Член 5

За спроведување на заштитата од неексплодирани убојни средства, Дирекцијата за заштита и спасување (во натамошниот текст: Дирекција), презема превентивни и оперативни активности и мерки.

Член 6

Превентивните и оперативните активности и мерки во спроведувањето на заштитата од неексплодирани убојни средства ги вршат стручните лица пиротехничари од Дирекцијата.

Доколку активностите од став 1 на овој член се обемни и неможе да се извршат со пиротничари од Дирекцијата, може да се ангажираат и пиротехничари од другите задолжени субјекти.

1. Пребарување на теренот

Член 7

Заради утврдување на присуство на неексплодирани убојни средства, од страна на Дирекцијата се врши пребарување на територијата на Република Македонија и се воспоставува база на податоци со сите потребни елементи (локација, нејзина големина, пристапност, населеност и бројот и видот на неексплодираните убојни средства).

Член 8

Инвеститорите на градежни објекти, на терен на кој има утврдено или постојат сознанија за присуство на неексплодирани убојни средства, пред отпочнување со работите, доставуваат барање до Дирекцијата за пребарување на теренот.

2. Пронаоѓање на неексплодирани убојни средства

Член 9

Лицата кои пронашле неексплодирани убојни средства, вршат обележување на локацијата и веднаш ја известуваат Дирекцијата, регионалните единици за заштита и спасување, центарот за известување и тревожење или најблиската полициска станица.

Член 10

По добиеното известување за пронајдени неексплодирани убојни средства, од страна на Дирекцијата се превземаат превентивни и оперативни мерки за заштита, согласно стандардните оперативни постапки за хуманитарно деминирање.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член задолжените субјекти ги спроведуваат следните активности:

- Дирекцијата упатува пиротехничар за увид и уништување на пронајдените неексплодирани убојни средства, го информира месното население за пронајдените експлозивни средства и за активностите кои се преземаат за нивно уништување и го врши уништувањето;
- Министерството за одбрана обезбедува дополнителен број на пиротехничари, доколку активностите за спроведување и заштита од неексплодирани убојни средства се обемни;
- Министерството за внатрешни работи врши физичко обезбедување на местото каде се пронајдени неексплодирани убојни средства и со возила на сообраќајната полиција го обезбедува транспортот;

- Министерството за здравство, преку јавните здравствени установи обезбедува медицинска екипа за прва медицинска помош и
- Министерството за животна средина и просторно планирање учествува во определувањето на локациите на кои се врши уништување на неексплодираните убојни средства.

Член 11

Доколку се исполнети безбедносните услови, пропишани со оперативната постапка за спроведување на заштита од неексплодираните убојни средства и не постои опасност за загадување и деградирање на животната средина и природата, пронајдените неексплодирани убојни средства се уништуваат на местото на нивното пронаоѓање.

3. Собирање и превоз на неексплодираните убојни средства

Член 12

Во случај кога не постојат безбедносни услови за уништување на местото на пронаоѓање, неексплодираните убојни средства се собираат и превезуваат до определените места за уништување.

Уништувањето на неексплодираните убојни средства се врши на местата определени од страна на Дирекцијата во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 13

Превозот на неексплодираните убојни средства од местото на пронаоѓање до местото за уништување се врши со моторно возило со приколка, специјално опремено со насочена експлозија, во сошки, сандаци полни со песок или струготини.

Моторното возило од став 1 на овој член е означено со соодветен сообраќаен знак за превоз на експлозивни материи и општ знак за опасност.

Со моторното возило со кое се врши превоз на неексплодираните убојни средства, не се превезува експлозивот, детонаторската запалка, бавногоречкиот фитил и други материјално-технички средства и опрема наменети за уништување на неексплодираните убојни средства.

Член 14

При превоз на неексплодирани убојни средства покрај возачот на моторното возило, е присутен и пиротехничарот.

Член 15

При превозот на неексплодираните убојни средства се користат споредни патишта и се избегнува премин и движење низ населени места.

Доколку при превозот на неексплодираните убојни средства се поминува низ населени места, возилото го придружува сообраќајна полиција и истото се движи без застанување.

4. Уништување на неексплодираните убојни средства

Член 16

При уништувањето на неексплодираните убојни средства пиротехничарите постапуваат согласно оперативната постапка за спроведување на заштита од неексплодирани убојни средства.

Член 17

При уништувањето на неексплодираните убојни средства покрај пиротехничарот, учествуваат и други лица кои му помагаат на пиротехничарот, екипа која врши обезбедување на теренот, медицинска екипа, како и комисија формирана од страна на директорот на Дирекцијата, која го следи уништувањето.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 18

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија''.

Бр. 19-4466/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1499.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05) и член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПЕЦИЈАЛНИТЕ МИСИИ

1. Република Македонија да пристапи по основ на сукцесија кон Конвенцијата за специјалните мисии усвоена на 16 декември 1969 година во Њујорк и објавена во "Службен лист на СФРЈ" бр. 19/75.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4297/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1500.

Врз основа на член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ИМЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Се запишува право на сопственост на недвижна ствар-објект во Крушево на ул. "Нико Доага" бр. 65-в, со вкупна површина од 171 $м^2$ на КП бр. 1047 за КО Крушево на име на Република Македонија, во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4478/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1501.

Врз основа на член 95 став 1, а во врска со член 187 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.11.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАРКОВИ КУЛИ ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на локалитетот Маркови Кули за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

При спроведувањето на заштитата на локалитетот Маркови Кули, како споменик на природата, да бидат земени во предвид одредбите од Законот за заштита на културното наследство и Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство, во делот кој се однесува на културното наследство, застапено на локалитетот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4195/1
29 ноември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1502.

Врз основа на член 95 став 1, а во врска со член 187 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 08.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ СМОЛАРСКИ ВОДОПАД ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на локалитетот Смоларски Водопад за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4440/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1503.

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ZLIN

Член 1

Со оваа одлука Владата на Република Македонија дава согласност на договор за давање на времено користење на три воздухоплови од типот ZLIN меѓу Министерството за транспорт и врски - Управа за цивилна воздушна пловидба и Министерството за одбрана.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4459/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1504.

Врз основа на член 16 став 2 и член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Правото на користење на недвижната ствар - објект, лоциран на ул. “7 Септември“ Кавадарци, којшто се наоѓа на КП. бр. 12574, КО Кавадарци 2, евидентиран во Имотен лист бр. 1, со површина од 945 м^2 двор; 246 м^2 земјиште под зграда 1; 45 м^2 земјиште под зграда 2 и 28 м^2 земјиште под зграда 3, односно со вкупна површина од 1.264 м^2, имот во сопственост на Република Македонија, се дава на времено користење на општина Кавадарци, за реализација на културни цели.

Правото на користење на недвижната ствар од став 1 на овој член се дава без надомест.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 се дава на користење за временски период од 4 години од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4380/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1505.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

На досегашниот корисник Министерството за финансии - Управа за јавни приходи - Регионална Дирекција Битола, му престанува правото на користење на недвижни ствари - барака во Битола, лоцирана на ул. “Борка Левата“ бр. 2, заведена во поседовен лист бр. 10392, КП бр. 5692/5 КО Битола во вкупна површина на објектот од 246 м^2, односно корисна површина од 130 м^2, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на користење на Министерството за здравство за потребите на Дирекцијата за храна и Државниот санитарен и здравствен инспекторат - подрачни одделенија во Битола, органи во состав на истото.

Член 3

Давањето на користење на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се врши без надоместок.

Член 4

Примопредавањето на недвижните ствари опишани во членот 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за финансии и Министерството за здравство - Дирекција за храна.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4224/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1506.

Врз основа на член 29, став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04 и 62/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 08.12.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, ВИСИНАТА, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/98, 21/98, 28/01, 23/02, 91/02, 59/03 и 41/05), во членот 8, став 1, точка 8.3. став 3, зборовите: „на секои три месеци" се заменуваат со зборовите: "секој месец".

Член 2

Во членот 12, став 3, зборовите: „6 месеци" се заменуваат со зборовите: „12 месеци".

Член 3

Во член 14, став 2, зборовите: „најмногу до девет месеци" се заменуваат со зборовите: „до шеесет месеци".

Во став 3, зборовите: „девет месеци" се заменуваат со зборовите: „шеесет месеци".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2006 година.

Бр. 19-4287/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1507.

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2005 ГОДИНА

1. Во Програмата за развој на спорт и млади за 2005 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/05), во делот Раздел 16101 - Агенција за млади и спорт, Потпрограма 30-млади, ставка 463-трансфери до невладини институции, табелата се менува и гласи:

Реден број	Опис	Износ
1.	Сегмент трансфери до непрофитни организации за поддршка на младите и младински здруженија	3.850.000,00
2.	Сегмент поддршка на проекти за млади	6.550.000,00
3.	Сегмент планирана резерва за активности за унапредување на младинскиот стандард	600.000,00
	Вкупно:	11.000.000,00

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4137/1
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

1508.

Врз основа на член 57-б став 2 од Законот за надворешно-трговско работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/93, 41/93, 78/93, 59/96, 15/97, 13/98, 13/99, 50/99, 82/99, 47/01, 45/02 и 5/03), а во врска со член 65 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.12.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД НАДОМЕСТОКОТ ШТО ГО ПЛАЌААТ ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ПРИ УВОЗ И ИЗВОЗ НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Програмата за користење на средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи, стоки и услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/03, 31/04, 67/05 и 79/05), во точка 16, Потпрограма D5, ставките 401, 402, 403, 421, 425, 426, 462 и 483 се менуваат и гласат:

401	-Плати и надоместоци на плати	1.300.000,00	денари
402	-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	100.000,00	денари
403	-Останати придонеси од плати	1.000,00	денари
421	-Комунални услуги, греење, комуникација	1.000.000,00	денари
425	-Договорни услуги	28.700.000,00	денари
426	-Други тековни расходи	8.410.000,00	денари
462	-Субвенции за приватни претпријатија	73.119.000,00	денари
483	-Купување на мебел, опрема, возила и машини	1.000.000,00	денари

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2475/7
8 декември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Радмила Шекеринска, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

1509.

Врз основа на член 22 став 10 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ“ бр. 61/02, 98/02 и 81/2005), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБЛИКОТ И СОДРЖИНАТА НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБАТА И БИЛАНСОТ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2003 и 74/2005), образецот „Биланс на состојбата" за корисници на Буџетот и фондовите, се менува и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 07-34847/1
1 декември 2005 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

Вид.раб. 1 2 3 | Идентификационен број 4 5 6 7 8 9 10 11 | Период 12 13 14 | Контролор 15 16 17 | Резервни кодекси 18 19 20 21 22 23 24 25 26

Назив на субјектот _____
Адреса, седиште и телефон _____
Единствен даночен број _____
Назив на корисникот _____

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден _____ 200__ година

(во денари)

Сметка Ред. бр.	Група на конта или конто	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	И з н о с			
				Претходна година (почетна состојба)	Тековна година		
					Бруто	Исправка на вредноста	Нето (6-7)
1	2	3	4	5	6	7	8
		А К Т И В А:					
1.	00	**А. ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** (112 + 113 + 114 + 122 + 123)	111				
2.	010,011, 012 и 015	I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ SREDSTVA	112				
		II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА	113				
		III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 до 121)	114				
3.	020 и 029д	Градежни објекти	115				
4.	021 и 029 Д	Станови и деловни објекти	116				
5.	022 и 029	Опрема	117				
6.	023 и 029д	Повеќегодишни насади	118				
7.	024 и 029д	Основно стадо	119				
8.	025 и 029	Други материјални средства	120				
9.	026 и 029д	Аванси за материјални средства	121				
10.	030	ИИИ -1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА	122				

Ред бр.	Група на конта, или конто	П О З И Ц И Ј А	Ознака на АОП	И з н о с			
				Претходна година (почетна состојба)	Тековна година		
					Бруто	Исправкана вредноста	Нето (6-7)
1	2	3	4	5	6	7	8
11.	04	ИВ. ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ПОЗАЈМИЦИ ДАДЕНИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО И ОРОЧЕНИ СРЕДСТВА	123				
		Б. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+ +142+143+144+145+146)	124				
		И. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133)	125				
12.	100	Сметка	126				
13.	101	Благајна	127				
14.	102	Издвоени парични средства	128				
15.	103	Отворени акредитиви	129				
16.	104	Девизна сметка	130				
17.	105	Девизни акредитиви	131				
18.	106	Девизна благајна	132				
19.	108	Други парични средства	133				
20.	11	ИИ. ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ	134				
		ИИИ. ПОБАРУВАЊА (136 до 139)	135				
21.	120	Побарувања од буџетот	136				
22.	121	Побарувања од фондот	137				
23.	122 и 129д	Побарувања од купувачи во земјата	138				
24.	123 и 129д	Побарувања од купувачи во странство	139				
25	13	ИВ. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	140				
26	14	В. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОБАРУВАЊА	141				

Ред бр.	Група на конта, или конто	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ			
				Претходна година (почетна состојба)	Тековна година		
					Бруто	Исправкана вредноста	Нето (6-7)
1	2	3	4	5	6	7	8
27.	15	ВИ. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ	142				
28.	16	ВИИ.ФИНАНСИСКИ И ПРЕСМЕТКОВНИ ОДНОСИ	143				
29.	17	ВИИИ.ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ	144				
30.	190 до 197	ИЏ. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА	145				
31.	198	Други активни временски разграничувања	146				
		В. МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (148 до 153)	147				
32	31	Материјали	148				
33.	32	Резервни делови	149				
34.	36	Ситен инвентар	150				
35.	60	Производство	151				
36.	63	Готови производи	152				
37.	65,66 и 67	Стоки, аванси, депозити и кауции	153				
		Г. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И ДРУГИ ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ЗАЕМИ (155 до 157)	154				
38.	090	Непокриени трошоци од поранешни години	155				
39.	092	Непокриени трошоци од	156				
40.	095	Примени долгорочни кредити и заеми	157				
41.	08	ИИИ. ДРУГИ СРЕДСТВА	158				
		ВКУПНА АКТИВА (111 + 124 + 147 + 154 + 158)	159				
42.	990 до 994	ВОНБИЛАНСНА АКТИВА	160				

Страна 4

Ред бр.	Група на конта, или конто	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	И з н о с	
				Претходна година (почетна состојба)	Износ на денот на билансирање (тековна година)
1	2	3	4	5	6
		ПАСИВА:			
		И. ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА (162 + 163)	161		
43.	900	Државен јавен капитал	162		
44.	901	Останат капитал (залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност)	163		
45	91	**ИИИ. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА**	164		
		ИИ. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (166 до 172)	165		
46.	920	Обврски по долгорочни кредити	166		
47.	922	Вложувања од странски лица	167		
48.	923	Кредити од банки во земјата	168		
49.	924	Други кредити во земјата	169		
50.	925	Кредити од странство	170		
51.	927	Долгорочни обврски за примени депозити и кауции	171		
52	928	Други долгорочни обврски	172		
		ИИИ. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174 + 175+ 180 + 181 + 189+ 195 + 196+ 197 + 198)	173		
53.	21	а) Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност	174		
		б) Краткорочни обврски спрема добавувачи (176 до 179)	175		
54	220	Обврски спрема добавувачи во земјата	176		
55.	221	Обврски спрема добавувачи во странство	177		

Страна 5

Ред бр.	Група на конта, или конто	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	И з н о с	
				Претходна година (почетна состојба)	Износ на денот на билансирање (тековна година)
1	2	3	4	5	6
56.	224	Обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки, материјали и услуги	178		
57.	225	Обврски спрема добавувачи - граѓани	179		
58.	23	в) Примени аванси, депозити и кауции	180		
		г) Краткорочни финансиски обврски (182 од 188)	181		
59.	240	Обврски за заедничко работење со субјектите	182		
60.	241	Обврски за кредити во земјата	183		
61.	242	Обврски за кредити во странство	184		
62.	243	Обврски за вложени средства во земјата	185		
63.	245	Други краткорочни финансиски обврски	186		
64.	246	Обврски спрема работниците	187		
65.	247	Обврски по запирања на работниците	188		
		д) Обврски спрема државата и други институции (од 190 до 194)	189		
66.	250	Обврски за данок на додадена вредност	190		
	251	Обврски за акцизи	191		
67.	252	Обврски за царини и царински давачки	192		
68.	253	Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело	193		
69.	255	Обврски за други даноци и придонеси	194		

Страна 6

Ред бр.	Група на конта, или конто	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	И з н о с	
				Претходна година (почетна состојба)	Износ на денот на билансирање (тековна година)
1	2	3	4	5	6
70.	26	ѓ) Финансиски и пресметковни односи	195		
71.	27	е) Обврски за даноци и придонеси од добивката	196		
72.	28	ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	197		
73.	29	з) Пасивни временски разграничувања	198		
74.	98	**ив. ИЗВОРИ НА ДРУГИ СРЕДСТВА** Извори на други средства	199		
		ВКУПНА ПАСИВА (161 + 164+ 165+173+ 199)	200		
75.	995 до 999	ВОНБИЛАНСНА ПАСИВА	201		

Во_____ Лице одговорно за составување на билансот, МР Раководител,

На ден_____ _____ _____

_____

1510.

Врз основа на член 7 став 1, а во врска со член 9 од Законот за ревизија („Службен весник на РМ“ бр. 79/05), министерот за финансии донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА

1. За претседател, членови и секретар на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, се именуваат:

1) Максуд Али - претседател;

2) Тони Стојановски - член - Народна банка на Република Македонија - Дирекција за супервизија;

3) Владимир Стојановски - член - Министерство за финансии - Одделение за супервизија на осигурувањето;

4) проф.д-р Владимир Филиповски - член - Комисија за хартии од вредност;

5) Ниметула Даути - член - ДПТУ „РЕНОВА“ ДОО - с.Цепчиште - Тетово;

6) проф.д-р Зорица Божиновска Лазаревска - член - овластен ревизор; и

7) м-р Верица Хаџи Василева - Марковска - член - овластен ревизор.

За секретар на Советот за унапредување и надзор на ревизијата се именува Цветанка Шкиљевиќ - државен службеник во Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-35955/1 Министер,
12 декември 2005 година м-р **Никола Поповски**, с.р.
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

1511.

Врз основа на член 397 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 14/98, 38/02 и 38/04), министерот за транспорт и врски, во согласност со министерот за внатрешни работи, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СООБРАЌАЈНО-ТЕХНИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПОСЕБНИТЕ ТЕХНИЧКИ И ДРУГИ МЕРКИ ЗА ЗАБАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се определуваат сообраќајно-техничките параметри кои треба да ги исполнуваат посебните технички и други мерки за забавување на сообраќајот, нивните технички карактеристики, местата и начинот на нивното поставување и начинот на нивното обележување со соодветна сообраќајна сигнализација.

Член 2

Посебно сообраќајно технички и други мерки за забавување на сообраќајот се типизирани сообраќајно технички средства со посебна намена, кои служат за зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот , а особено пешаците.

II. СООБРАЌАЈНО ТЕХНИЧКИ ПАРАМЕТРИ

Член 3

Посебните сообраќајно технички средства за забавување на сообраќајот во зависност од категоризацијата на уличната мрежа, категоризацијата на патот и дозволената брзина на движење на возилата, се со следните димензии:

- за брзина до 50 км. на час нивната широчина не смее да биде помала од 60 см., а нивната височина не смее да преминува 3 см. мерено од нивото на коловозот;

- за брзина до 30 км. на час нивната широчина не смее да биде помала од 120 см., а нивната височина не смее да преминува 7 см. мерено од нивото на коловозот.

Член 4

Сообраќајно техничките средства од член 3 ,став 1, алинеја 1 и 2 на овој правилник, мора да бидат изведени од модуларни елементи од гума или пластична маса кои не предизвикуваат лизгање на возилата.

Сообраќајно техничките средства од член 3 став 1, алинеја 3 на овој правилник, може да бидат изведени и од асфалтна или друг вид на современа коловозна конструкција (бетон, бекатон и сл.).

Член 5

Сообраќајно- техничките средства од членот 3 на овој правилник мора да бидат означени со рефлектирачка материја на онаа страна од која што возилото се приближува.

Член 6

Сообраќајно техничките средства од членот 3 на овој правилник мора да бидат добро заковани во коловозната површина како би се спречило одвојувањето на поединечните елементи или нивните делови.

Член 7

Ако сообраќајно техничките средства се поставуваат во низа, нивната меѓусебна оддалеченост мора да изнесува најмалку 60 метри.

III. МЕСТО И НАЧИН НА ПОСТАВУВАЊЕ

Член 8

Сообраќајно техничките средства за забавување на сообраќајот се поставуваат на регионални и локални патишта и улици во населените места на приодите кон училиштата , детски установи, болници, спортски објекти и други места, во близина на пешачкиот премин.

На регионалните патишта можат да се поставуваат сообраќајно технички средства за забавување на сообраќајот од член 4 став 1 на овој правилник.

Член 9

Посебните сообраќајно технички средства во зависност од широчината на коловозот и интензитетот на сообраќајот, може да се поставуваат по целата широчина на коловозот или на половината од истиот .

IV. НАЧИН НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ СО СООДВЕТНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Член 10

Поради безбедност на возачите на моторните возила, местата каде што е поставено сообраќајно техничкото средства за забавување на сообраќајот, треба да бидат доволно осветлени со електричен извор на светлина, поставен на столб на височина од 7 метри и конзола со должина од 3 метри.

Член 11

Покрај соодветното осветлување пропишано со член 10 од овој правилник, на патот - улицата каде што е поставено сообраќајно техничкото средство треба да биде поставена соодветна сообраќајна сигнализација и тоа:

- за брзина од 50 км. на час мора да бидат поставени на оддалеченост од 40 метри пред техничкото средство сообраќајните знаци (II 30) ограничување на брзината и (I -10) нерамен коловоз, и истите да се повторат на оддалеченост од 25 метри пред техничкото средство. Непосредно пред техничкото средство да се постави сообраќајниот знак (I -10) нерамен коловоз;

- за брзина од 40 км. на час мора да бидат поставени на оддалеченост од 32 метри пред техничкото средство сообраќајните знаци (II-30) ограничување на брзината и (I -10) нерамен коловоз и истите да се повторат на оддалеченост од 25 метри пред техничкото средство. Непосредно пред техничкото средство да се постави сообраќаен знак (I -10) нерамен коловоз;

- за брзина од 30 км. на час мора да бидат поставени на оддалеченост од 25 метри сообраќајните знаци (II-30) ограничување на брзината и (I -10) нерамен коловоз. Непосредно пред техничкото средство да се постави сообраќаен знак (I -10) нерамен коловоз.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17.1-70736/1
30 ноември 2005 година
Скопје

Министер,
Љубомир Михајловски, с.р.

Бр. 19-14335
2 ноември 2005 година
Скопје

Министер,
Џемали Мехази, с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Правилникот за категоризација на автобуските станици, нивната опременост и висината на надоместокот за нивно користење, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 59/05, направена е техничка грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ, НИВНАТА ОПРЕМЕНОСТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НИВНО КОРИСТЕЊЕ

Во Табелата број 1 која е составен дел на овој правилник, во насловот Вкупен задолжителен број на бодови по категории, наместо броевите: „18, 14 и 11" треба да стојат броевите: „19, 15 и 12".

Број 07-891
28 ноември 2005 година
Скопје

Министер за транспорт и врски,
Џемали Мехази, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

1512.

Врз основа на член 29 став 7 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), министерот за животна средина и просторно планирање донесува

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕКОЛОШКАТА ОЗНАКА, НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА НЕЈЗИНО ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ, КАКО И СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ И РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА

Член 1

Предмет и дефиниции

(1) Со овој правилник се уредува формата и содржината на еколошката ознака, начинот, условите и постапката за нејзино доделување и користење, како и составот и начинот на формирање и работа на Комисијата за еколошка ознака.

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- групи на производи - се производи кои служат за слична намена и имаат подеднаква употребна вредност;

- еколошки критериуми - се барањата кои треба да ги исполнуваат производите или услугите на основа на кои им се доделува право за користење на еколошка ознака;

- еколошка ознака - е ознака - лого на производи и услуги кои ги исполнуваат еколошките критериуми;

- влијанија врз животната средина - секоја промена на животната средина, која настанала како резултат на активностите на правни и физички лица, производите или услугите.

Форма и содржина на еколошката ознака

Член 2

Форма на еколошката ознака

Еколошката ознака се состои од:

1. графички дел "лого", и

2. текстуален дел - во кој е наведен основот за доделување на еколошката ознака, за секоја група на производи/услуги наменета за потрошувач.

Член 3

Содржина на еколошката ознака

Графичкиот дел "лого" од член 2 став 1 точка 1 на овој правилник е со големина 50x75 мм и претставува комбинација на стилизирано сонце покриено долу десно со зелен лист, сместени на сина основа во облик на капка вода врз долната половина од зелен квадрат. Сонцето е составено од златножолти радијални зраци и диск со тродимензионален ефект, а листот е со шари кои потсетуваат на земјините паралели и меридијани.

Составен дел на графиката од логото е радијален текст над сончевите зраци, кој за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање гласи "еко-производ"или "еко-услуга".

Истото лого на еколошка ознака може да се користи за означување на земјоделски производи кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за органско земјоделство, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Радијалниот текст над сончевите зраци за овој вид производи гласи"органски производ".

Логото од став 1 на овој член е даден во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Текстуалниот дел од член 2 став 1 точка 2 на овој правилник е содржан во посебните критериуми за секоја група на производи/услуги.

Член 4

Состав и начин на формирање и работа на Комисијата за еколошка ознака

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Комисија за еколошка ознака (во натамошниот текст: Комисија) заради вршење на следните активности:

- спроведување на постапката за процена на барањата за доделување на еколошка ознака;

- предлагање на еколошки критериуми за производи и услуги.

Член 5

Комисијата од членот 4 на овој правилник има 9 члена, претставници од следните органи:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;

- Министерство за економија;

- Институт за стандардизација;

- Министерство за здравство;

- Стопанска комора;

- Невладина еколошка асоцијација или организација на потрошувачи;

- Научни институции;

- Претставници на индустрија или трговија, експерти за животна средина.

Член 6

(1) Претседателот на Комисијата го назначува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од редот на истакнати научни и стручни работници од областа на животната средина или област блиска со неа.

(2) Комисијата донесува деловник за работа.

(3) Комисијата работи и донесува одлуки на седници.

(4) Членовите донесуваат одлука за доделување на еколошка ознака преку просто мнозинство на гласови од вкупниот број на членови во Комисијата.

Доколку некој член не се согласува со одлуката на Комисијата може да побара неговото издвоено мислење да биде регистрирано за време на седницата.

Член 7

Начин, услови и постапка за доделување и користење на еколошка ознака

Еколошка ознака се доделува за производ или услуга кои поседуваат карактеристики што можат да придонесат за значително подобрување на животната средина, односно ги исполнуваат барањата содржани во еколошките критериуми.

Еколошка ознака се доделува врз основа на поднесена писмена Пријава за доделување на еколошка ознака.

Пријава можат да поднесат врз доброволна основа сите странски и домашни производители, увозници, обезбедувачи на услуги и трговци на големо и мало. Трговците можат да поднесат пријава за производи кои се пуштени во промет единствено под нивното фабричко име.

Образецот на Пријавата од став 2 на овој член е даден во Прилог број 2 кој е составен дел на овој Правилник.

Член 8

Пријавата се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Пријавата содржи:

1. Име и презиме/назив на производителот/услугодавачот;

2. Адреса;

3. Име на производот/вид на услугата за кои се бара еколошка ознака;

4. Податоци за производот/услугата заради кои се бара еколошка ознака;

5. Причини заради кои се бара еколошка ознака;

6. Опис на дистрибутивната мрежа, адреси и тел. броеви на индивидуалните комерцијални излези (каде што производот/услугата се достапни);

7. Име на правно лице (тест лабораторија) кое ја потврдува сообразноста со пропишаните критериуми;

8. Други посебни и технички информации барани од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 9

Комисијата ги разгледува доставените пријави.

Комисијата може да побара да бидат доставени и дополнителни технички документи од тестирањето на производот кои ја потврдуваат сообразноста на производот со барањата во еколошките критериуми, како и

други податоци или извршување на одредени анализи од страна на акредитирани тела, доколку за тоа се јави потреба во текот на постапката за доделување на еколошка ознака.

Комисијата ги признава документите за тестирање на производот кои се издадени од страна на акредитирани тела или тела кои се во постапка на акредитација по серијата стандарди МКС-ЕН 45000 или МКС ИСО 17000.

Член 10

Во случаи кога барањето не ги содржи сите податоци од член 8 на овој правилник, Комисијата може да побара од пријавениот да достави дополнителни податоци, во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето за доставување на дополнителни податоци.

Доколку и во дополнителниот рок од 8 дена до Комисијата нема да бидат доставени бараните документи, пријавата ќе биде отфрлена.

Член 11

Во текот на постапката за доделување на еколошка ознака Комисијата може да побара стручно мислење од една или повеќе стручни институции или експерти.

Стручното мислење за сообразноста со пропишаните критериуми за производот/ услугата, се изработува врз основа на анализа на влијанието на производот врз животната средина во сите фази на негово производство, употреба и диспозиција.

Член 12

По потврдувањето дека карактеристиките на производите/услугите се во согласност со пропишаните критериуми, Комисијата му препорачува на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да додели еколошка ознака за производот за кој се однесува пријавата.

Комисијата доделува еколошка ознака единствено за оној производ/услуга за кои има донесено соодветни еколошки критериуми.

Член 13

Во органот надлежен за работите од областа на животната средина се води евиденција за сите добиени пријави, како и доделени еколошки ознаки.

Член 14

Решението за доделување на еколошка ознака, во рок од 3 месеци од денот на поднесувањето на пријавата, го издава министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на животната средина, врз основа на препораките од Комисијата за еколошко етикетирање, во пишан облик со образложение за одлуката.

Во случаи кога важноста на критериумите во однос на соодветната група на производи или услуги е продолжена без промени, важноста на доделената ознака може да биде продолжена за истиот период.

Член 15

Еколошката ознака може да биде единствено печатена на пакувањето на производот за кој е доделена.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-5423/1
6 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапурик,** с.р.

Прилог број 1.

Лого

Прилог број 2.

Образец за

Пријава за доделување на еколошка ознака

1.Име и презиме/назив на произведителот/услугодавачот	
2.Адреса	
3.Име на производот/вид на услугата за кои се бара еколошка ознака	
4.Податоци за производот/услугата заради кои се бара еколошка ознака	
5. Причини заради кои се бара еколошка ознака	
6. Опис на дистрибутивната мрежа, адреси и телегонски броеви на индивидуалните комерцијални излези (каде производот/услугата се достапни)	
7. Годишна количина на производот/обем на услуги за кои се однесува апликацијата	
8. Фабричко име на производот за кој се поднесува апликацијата	
9. Име на правно лице(тест-лабораторија) кое ја потврдува сообразноста со пропишаните критериуми	
10. Други посебни и технички информации барани од Министерството за животна средина и просторно планирање	

1513.

Врз основа на член 49 став 3 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/05), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ И ПРИЗНАНИЈАТА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТА И СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишуваат постапката, начинот и условите, за доделување на награди и признанија за достигнувања во областа на заштитата и уна-

предувањето на животната средина (во натамошниот текст: награди и признанија) и начинот на работа и составот на Комисијата за награди и признанија (во натамошниот текст: Комисија).

II. УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ И ПРИЗНАНИЈАТА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 2

(1) Награди и признанија се доделуваат на правни и физички лица за:

- забележителни и мерливи ефекти во областа на животната средина кои значително придонеле за намалување на оптеретувањата врз животната средина; и/или
- забележителни и мерливи ефекти во областа на животната средина со кои се остварува намалување на загадувањата.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може на лицето од став (1) на овој член истовремено да му додели и награда и признание.

Член 3

(1) Наградите и признанијата се доделуваат за следните области:

1. Заштита на биолошката разновидност;
2. Заштита на природно наследство;
3. Туризам;
4. Земјоделство;
5. Шумарство;
6. Енергија и индустрија;
7. Образовни и информациони активности;
8. Управување со отпад;
9. Заштита на водите;
10. Заштита од бучава;
11. Заштита на почвите;
12. Заштита на воздухот;
13. Сообраќај и врски.

(2) Награди и признанија може да се доделат и на општини кои се најактивни во подрачјето на промовирањето и унапредувањето на животната средина.

Член 4

(1) Наградите и признанијата согласно законот се доделуваат врз основа на јавен конкурс за доделување на награди и признанија, за достигнувања во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, го распишува конкурсот од став (1) на овој член еднаш годишно, а најдоцна до 15 јануари во тековната година за достигнувања во претходната година.

(3) Конкурсот од став (1) на овој член се објавува во најмалку два дневни весници на територија на Република Македонија, како и на интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Во јавниот конкурс од став (1) на овој член, се наведуваат:

- условите кои треба да ги исполнуваат предложените кандидати за учество на конкурсот;
- начинот за поднесување на предлози за награди и признанија;
- подрачјата за кои се доделуваат награди и признанија;
- условите, начинот и рокот за доставување на предлозите;
- формата и висината на наградите.

Член 5

(1) Секое домашно правно и физичко лице (во натамошниот текст: подносител на предлогот) може до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да достави предлог за доделување на награди и признанија, во рок кој не може да биде пократок од 20 дена и подолг од 35 дена од денот на објавувањето на конкурсот од член 3 став (1) од овој правилник.

(2) Предлозите за доделување на награди и признанија за достигнувања во животната средина се доставуваат во затворени коверти.

Член 6

(1) Признанијата се доделуваат во облик на повелба и плакета.

(2) Наградите се доделуваат во облик на парични средства, во форма на "прва", "втора" и "трета" награда.

III. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 7

(1) Комисијата за доделување на награди и признанија се формира по истекот на рокот за поднесување на предлози за доделување на награди и признанија.

(2) Комисијата започнува со својата работа веднаш по нејзиното формирање.

Член 8

(1) Комисијата е составена од непарен број на членови.

(2) Комисијата се состои од пет члена од кој е еден ја врши функцијата претседател на Комисијата.

Член 9

(1) Комисијата го разгледува доставениот предлог на седница.

(2) Доколку Комисијата утврди дека предлогот не е изготвен согласно барањата од конкурсот, ги определува податоците со кои треба да се дополни предлогот и од подносителот на предлогот бара дополнување на предлогот, во рок не пократок од 3 дена.

(3) Доколку подносителот на предлогот не постапи во согласност со став (2) на овој член, Комисијата носи решение со кое го отфрла предлогот.

Член 10

(1) Комисијата ги разгледува сите поднесени предлози и врши потесен избор од 5 (пет) предлози за секоја област од член 3 од овој правилник.

(2) Врз основа на потесниот избор на субјектите од став 1 од овој член, Комисијата донесува одлука за избор на три субјекти на кои ќе им бидат доделени плакети и прва, втора и трета награда, и признание за преостанатите два субјекта кои влегле во потесниот избор.

(3) Наградата можат да ја делат повеќе лица доколку ги исполнуваат условите од член 2 од овој правилник.

(4) Одлуката за доделување на награди и признанија од став 2 на овој член се објавува во најмалку едно јавно гласило во Република Македонија.

Член 11

(1) Доколку Комисијата оцени дека не се исполнети условите утврдени во конкурсот донесува Одлука дека ниту еден од доставените предлози не ги исполнува условите за доделување на награди и признанија од одредена област од заштита на животната средина во тековната година.

Член 12

(1) Заради доделување на наградите и признанијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина организира свечено доделување.

Член 13

(1) Комисијата работи на седници на кои се води записник.

(2) Со седниците на Комисијата претседава претседателот, а во случај на негова спреченост, претседава еден од членовите што тој ќе го определи.

(3) Заради оценка на достигнувањата на подрачјето на заштитата на животната средина за кое се предлага доделување на награда и признание Комисијата може во својата работа да вклучи и стручни институции или поединци од соодветното подрачје.

Член 14

(1) Одлучувањето за доделување на награди и признанија се врши со јавно гласање.

(2) Одлуката за доделување на награди и признанија се донесува со просто мнозинство од вкупниот број на членови на Комисијата.

(3) Доколку член на Комисијата не се согласува со одлуката на Комисијата може да побара неговото издвоено мислење со образложение да се внесе во записникот од седницата на Комисијата.

Член 15

(1) Имињата или насловите на предложените субјекти и наслови, како и имињата или насловите на наградените, Комисијата ги чува како службена тајна до доделување на наградите и признанијата.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-5424/1
6 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за програмата и начинот за полагање стручен испит за управител со отпад, образец на уверение, како и висина и начин на плаќање на надоместокот за полагање на стручен испит за управител со отпад („Службен весник на Република Македонија" број 105/2005), направена е грешка поради што се дава

И С П Р А В К А

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА УПРАВИТЕЛ СО ОТПАД, ОБРАЗЕЦ НА УВЕРЕНИЕ, КАКО И ВИСИНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА УПРАВИТЕЛ СО ОТПАД

- Во членот 16 по текстот: „ќе се применува од 1.06.2007" наместо бројот: „2007" треба да стои бројот: „2006".

Бр. 07-5133/2
7 декември 2005 година
Скопје

Министер,
д-р **Зоран Шапуриќ**, с.р.

1514.

Врз основа на член 26 од Законот за лековите, помошните лековити сретсва и медицински помагала („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

С П И С О К

НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ВЕТЕРИНАРНАТА МЕДИЦИНА ЗА КОИ Е ДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ ВО ПЕРИОД ОД 01.05.2005 ДО 30.11.2005

Име на лекот ИНН генеричко име	Форма и пакување на лекот	Начин на издавање	Производител на лекот Застапник	Број и датум на решението
1	2	3	4	5
AMOKSICILIN KRKA amoksicilin во облик на trihidrat + butilhidroksitoluen, propilenglikol oktanoatdekanoat и tetraglikol	Суспензија за парентерална примена Шише 100мл	лекарски рецепт (Р)	KRKA Словенија КРКА ФАРМА Скопје	11-6899/2 04.07.2005
CALCIVEYXOL 38 calcium glukonat, magnezium hlorid-heksahidrat, borna kiselina + voda	Раствор за парентерална примена Шише 500мл	лекарски рецепт (Р)	VEYX-PHARMA GmbH, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/7 10.05.2005
DEFENSOR 3 vacc. $10^{7.25}$ $TCID_{50}$ на инактивираниот антиген на беснило, gentamicin, metriol, aluminium hidroksid gel	Вакцина Кутија со 5 шишиња по 1мл (доза) на вакцината кутија со 5 пластични шишенца по 10мл (дози) кутија со 10 шишенца по 25мл (25дози) на вакцината	лекарски рецепт (Р)	PFIZER AH SAD АГРО – МИКС Скопје	11-9687/2 29.11.2005

1	2	3	4	5
DEPEDIN VEYX prednisolon 21-acetat и deksametazon + ethyl hydroxybenzoate, propylhidroxybenzoate, triglycerides (medium-chain), cellulose microcristallic, propylene glycol i aqua ad iniectabilia q.s.p. 1.0 мл	Суспензија за парентерална примена Шише 50мл	лекарски рецепт (Р)	VEYX-PHARMA GmbH, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/3 10.05.2005
DIZEVAK анакултури на токсогени соеви на Clostridium perfrigens тип C, тип D, слободен formaldehid, aluminium hidroksid и fenol	Инактивирана адсорбат вакцина Шише 100мл	лекарски рецепт (Р)	VETERINA Хрватска ВЕТЕРИНА Скопје	11-4421/2 10.05.2005
GEOKORTON spray oksitetraciklin (oksitetraciklin hidrohlorid) и hidrokortizon (kortizol) + izopropil niristat (surfactant) i propan-butan	аеросол суспензија за примена на кожата Лименка 100 мл	лекарски рецепт (Р)	VETERINA Хрватска ВЕТЕРИНА Скопје	11-4421/5 10.05.2005
HIBISEPT hlorheksidin hidrohlorid + laktoza и koloiden silicium dioksid	Антисептичен прашок за надворешна примена Шише 15 г, 50 г 100г	Без лекарски рецепт (БР)	VETERINA Хрватска ВЕТЕРИНА Скопје	11-4421/4 10.05.2005
IMIZOL™ imidokarb-dipropionat + propionska kiselina и вода	Раствор за парентерална примена Шише 40мл	лекарски рецепт (Р)	SCHERING-POUGH ANIMAL HEALTH Велика Британија ВЕТ ПРОМЕТ Скопје	11-4033/2 10.05.2005
JUGOCILLIN prokain-benzilpenicilin + benzilpenicilin-kalium	Прашок за парентерална примена Кутија со 50 шишиња по 400.000и.е, 800.000 и.е. и 4.000.000и.е.	лекарски рецепт (Р)	ГАЛЕНИКА Србија и Црна Гора ВИН Скопје	11-5444/2 28.07.2005
M+PAC vacc. активен ингредиенс, инактивирана M.hyopneumoniae (≥1.47 RPU*) + адјуванс (0.134мл светло минерално масло, сорбитан олеат, полисорбат 80, алуминиум (како хидроксид)+ ексципиенс (етанол 96%, глицерол, натриум хлорид (0.85%w/v)q.s.ad 1.0мг, триомерсал)	Емулзија за парентерална примена Кутија со 1, 2, 5 и 10 полиетиленски шишиња со 50мл (50доз), 100мл (100дози) или 200мл (200дози)	лекарски рецепт (Р)	SCHERING-POUGH ANIMAL HEALTH Германија ВЕТПРОМЕТ Скопје	11-7645/2 07.09.2005
MASTI VEYXYM himotripsin, tripsin, papain, vitamin A koncentriran sintetski i α-tokoferol acetate + gliceril monostearat, hidrofoben bazen gel	Суспензија за интрамамарна примена Кутија со 10 инјектори со по 10.0г интрамамарна суспензија	лекарски рецепт (Р)	VEYX-PHARMA GmbH, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/6 10.05.2005
NEOCAL 300 kalciumboroglukonat, magnezium hlorid-heksahidrat, kofein anhidricen и efedrin hidrohlorid	Раствор за парентерална примена Шише 20мл, 50мл и 100мл и 250мл и 500мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/11 04.07.2005
NEODERM neomicin + bacitracin	Прашок за надворешна примена Пластични шишиња 20г, 50г и 100г прашок	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/9 04.07.2005
NEOFLOXACIN-S 10% enrofloksacin	Раствор за парентерална примена Шише 10мл, 20мл, 50мл, 100мл, 500мл и 1000мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/6 04.07.2005

1	2	3	4	5
NEOGENT gentamicin	Раствор за парентерална примена Шише 20мл, 50мл, 100мл и 250мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/10 04.07.2005
NEOMECTIN ivermektin	Раствор за парентерална примена Шише 10мл, 20мл , 50мл, 100мл и 250мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/7 04.07.2005
NEONALGIN metamizol natrium	Раствор за парентерална примена Шише 10мл, 20мл, 50мл и 100мл и 250мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/3 04.07.2005
NEOSITOL levamizol	Раствор за парентерална примена Шише 15мл, 20мл, 50мл, 100мл, 250мл и 500мл	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/5 04.07.2005
NEOSITOL 10% levamizol hidrochlorid + ексципиенси	Прашок за орална примена Алуминиумска кесичка со 50г прашок	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/2 04.07.2005
NEOSTREP L.A. prokain-benzilpenicilin, benzatin benzilpenicilin i dihidrostreptomicin во облика на сулфат	Суспензија за парентерална примена Шише 50мл и 100мл суспензија	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/4 04.07.2005
NEOSULFOX sulfadimididin, neomicin i oksitetraciklin-hidrohlorid	Прашок за орална примена Вреќи 20г, 50г, 100г, 200г, 0.5кг, 1кг, 5кг, 10кг, 25кг	лекарски рецепт (Р)	FM PHARM Србија и Црна Гора ПАСТЕР Струмица	11-6142/8 04.07.2005
NOBILIS GUMBORO D78 vacc. лиофилизиран жив вирус на заразната болест на фабрициевата бурза (Гамборска болест) сој D78 не помалку од 4.0logr10 TCID50. + суркоза, говедски серум албумини, монобазичен калиум сулфат, динатриев фосфат дихидрат, мононатриев глутамат, гентамицин сулфат и вода за инекции ad1ml	Лиофилизирана вакцина Шише 1000дози	лекарски рецепт (Р)	INTERVET International Holandija ВИТА- ВЕТ Скопје	11-8302/3 07.09.2005
NOBILIS IB H120 vacc. лиофилизиран атенуиран вирус на заразен бронцхитис кај живината сој Massachusetts H-120 не помалку од 103.0 EID50 + 55mg обрано млеко во прав, триптоза, тиоуреа, натриум аскорбат, гентамицин сулфат и вода за инекции ад 1мл	Лиофилизирана вакцина Шише 500, 1000, 2500, 3000, 5000 или 10000дози	лекарски рецепт (Р)	ИНТЕРВЕТ Интернатионал Холандија ВИТА- ВЕТ Скопје	11-8302/2 07.09.2005
NOBILIS ND CLONE 30vacc. лиофилизиран жив вирус на болеста атипична чума кај живината сој Clone 30 (клон на лентогениот сој La Sota) најмалку 106 ELD50 + 55mg обрано млеко во прав, триптоза, тиоуреа, натриум аскорбат, гентамицин сулфат и вода за инекции ad 1мл	Лиофилизирана вакцина Шише 1000дози	лекарски рецепт (Р)	ИНТЕРВЕТ Интернатионал Холандија ВИТА- ВЕТ Скопје	11-8302/4 07.09.2005
OKSITETRACIKLIN VP 55мг окситетрациклин хидрохлорид + макрогал 4000, колоиден силициум диоксид и лактоза монохидрат	Прашок за перорална примена Алуминиумски кеси	лекарски рецепт (Р)	ГАЛЕНИКА Србија и Црна Гора ВИН Скопје	11-5444/9 28.07.2005

1	2	3	4	5
PGF VEYX forte kloprostenol натриумова сол + natrium citrate, natrium hlorid и voda	Раствор за парентерална примена Кутија со по 6 шишиња по 10мл	лекарски рецепт (Р)	ВЕЗЦ-ПХАРМА ГмбХ, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/5 10.05.2005
PLIVACOR deksametazon (deksametazon pivalat) и deksametazon (deksametazon natrium fosvat) + metalparahidroksibeznoat, natrium dihidrogenfosvat monohidrat, natrium hlorid, dinatrium fosvat dihidrat, povidon K-17 PF, polisorbat i q.s.p.	Суспензија за парентерална примена Шише 50 мл и100мл , кутија со 10 шишиња по 20 мл	лекарски рецепт (Р)	ВЕТЕРИНА Хрватска ВЕТЕРИНА Скопје	11-4421/3 10.05.2005
SENSIBLEX denaverin hidro hlorid , propilen glikol + hlorovodorodna kiselina и вода	Раствор за парентерална примена Шише 50мл	лекарски рецепт (Р)	VEYX-PHARMA GmbH, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/4 10.05.2005
VERMIZOL levamizol-hidrohlorid	Раствор за парентерална и перорална примена Шише со 50 и100мл и 500мл раствор	лекарски рецепт (Р)	ГАЛЕНИКА Србија и Црна Гора ВИН Скопје	11-5444/6 28.07.2005
VEYX YL L.A. 20% amoksicilin trihidrat + aluminium monostearat, butilhidroksianisol, butilhidriksitoluen i propilenglikol oktanoat dekanoat	Суспензија за парентерална примена Шише 100мл	лекарски рецепт (Р)	VEYX-PHARMA GmbH, Германија ПРИМА ЛЕК Скопје	11-4144/2 10.05.2005
VITAMIN AD3EC retinal-palmitat (vitamin A), holekalciferol (vitaminD3), α-tokoferil acetat (vitamin E) i askorbinska kiselina vo oblik na natriev askorbat (vitamin C) + makroglicerol hidroksistearat (kremofor EL), glicerol, limunska kiselina monohidrat i pre~istena voda	Емулзија за перорална примена Шише 100мл	лекарски рецепт (Р)	KRKA Словенија КРКА ФАРМА Скопје	11-6899/3 04.07.2005
VITAMIN B-complex тиамин хлорид (вит. Б1), цијанокобаламин (вит.Б12), никотинамид (вит. ПП), калциум пантотенат	Раствор за парентерална примена Кутија со 5 ампули од 5мл, стаклени шишенца со 50мл и 100мл инјекциски раствор	лекарски рецепт (Р)	ГАЛЕНИКА Србија и Црна Гора ВИН Скопје	11-5444/11 07.06.2005
VITAMIN C аскорбинска киселина + натриум пиросулфат, натриум едетат, натриум хидроксид вода за инекции	Стерилен раствор за парентерална примена Кутија со 5 или 10 ампули со по 10мл раствор	лекарски рецепт (Р)	ГАЛЕНИКА Србија и Црна Гора ВИН Скопје	11-5444/3 07.06.2005

Бр. 11-13200/1
7 декември 2005 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
Садула Дураку, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.